магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 68 страници

Година 1 Број 8

Октомври 2022 г.

Цена 150 ден.



## МЕГАИНТЕРВЈУ

**ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ**

Ректор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

***„Да му се посветиме на образованието, младите заслужуваат квалитетно знаење"***

**РЕПОРТАЖА**

Кокино - доказ за познавањето на астрономијата на нашите претци

**АВИОБИЗНИС**

Храбрата Доротеа го освои небото и сега стреми кон вселенета

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

Интервју со кинескиот амбасадор

ISSN 2671-3934

5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА 3


МЕГАИНТЕРВЈУ: **Проф. д-р Аце МИЛЕНКОВСКИ,** ректор на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје 4


ОБРАЗОВАНИЕ: **17 години раст и развој на УТМС** 14


КОЛУМНА: **Проф. д-р Валентина МУЦУНСКА ПАЛЕВСКА** УТМС е бренд во образованието 22


ТЕМА: **Економијата тоне, инфлацијата зема замав** 26


МОЈА ОПШТИНА: **Александар СТОЈКОСКИ,** градоначалник на Општина Ѓорче Петров 32


РЕПОРТАЖА: **Кокино - доказ за познавањето на астрономијата на нашите претци** 38


ДУРБИН: **Кратки вести и информации** 44


АВИОБИЗНИС: **Храбрата Доротеа го освои небото и сега стреми кон вселенета** 52


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Н. Е. Цанг ЅУО, амбасадор на Народна Република Кина** 58


КОМПАРАЦИЈА: **Македонските наспроти европските плати** 64

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



# Одблиску со главниот уредник

## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

## ЦЕНАТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ТРАНЗИЦИЈА ЌЕ ЈА ПЛАТИМЕ СИТЕ!

*До кога ќе трае кризата? Кога ќе се нормализира цената на енергенсите? Дали ќе мора да чекаме да заврши војната? Дали по војната ќе се возобноват старите економски врски? Многу дилеми и прашања, без прецизни одговори.*

*Светот е во голема криза, граѓаните се силно погодени по џебот од енормно високата инфлација.*

*Компаниите, пак, стравуваат дека нема да ја преживеат зимата со сметки за струја што се шест до десет пати повисоки споредено со претходната година. Бараат решение од државата, но државата не може да се справи ниту со кражбите на струја, кои во некои општини изнесуваат дури 20 проценти.*

*Цената на енергетската транзиција ќе ја платиме сите, а по зимата ќе цениме дали ни била државата партнер во тешките денови.*

*Во меѓувреме, Македонија се соочува со највисока инфлација и со најнизок раст на економијата во регионот. Банкарите од Вашингтон алармираат дека е можно Македонија да влезе во краткорочна техничка рецесија, односно негативен економски раст, кој би траел еден квартал.*

*Ваквата драматична криза кај сите национални економии наметна алармантна, вонредна состојба, која бара итни мерки за избегнување на целосен економски колапс.*

*Светот и Европа се на нозе. На потег се креаторите на економските политики во Македонија да се мобилизираат и да покажат одговорност пред граѓаните!*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ

Ректор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје



# МИЛЕНКОВСКИ: ДА МУ СЕ ПОСВЕТИМЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО, МЛАДИТЕ ЗАСЛУЖУВААТ КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ

**„Реформите во високото образование се неопходни, а за една ефикасна образовна реформа, потребна е исклучителна посветеност на Министерството за образование и на целата академска заедница, како и вклучување на сите високообразовни институции и главни актери во стопанството во сите фази на креирањето и на спроведувањето на реформата“, порачува ректорот проф. д-р Аце Миленковски. Во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, тој зборува за успешната приказна на Универзитетот, кој годинава одбележа 17 години постоење. Според ректорот Миленковски, младите заслужуваат квалитетно високо образование што ќе им го трасира животниот пат, заслужуваат квалитетно знаење што ќе вроди со професионализам на своите идни работни места, заслужуваат поквалитетни работни позиции и поквалитетен живот. За таа цел, неопходно е посилно поврзување на образовниот со деловниот сектор.**

**Универзитетот за туризам и менаџмент оваа година слави 17 години од своето основање. Како започнавте и кои се главните предизвици со кои се соочивте во досегашниот период?**

Приказната за овој универзитет, за создавање мала, модерна и квалитетна високообразовна институција започна пред 17 години. Ако сакате да постигнете нешто во животот, треба имате јасна визија за тоа, да знаете што точно сакате и да знаете што треба да направите за да стигнете дотаму, бидејќи успехот е резултат, а не само цел. Денес, резултат е тоа што одговорно можам да кажам дека Универзитетот за туризам и менаџмент претставува бренд во високото образование.

На самиот почеток од создавањето на Универзитетот си поставив за цел да ги следам успешните универзитетски приказни надвор од границите на нашава држава. Изборот на модел по кој ќе работиме падна врз Универзитетот во Риека, поточно на Факултетот за туризам и угостителство во Опатија како Универзитет од европски калибар. Веднаш потоа, по насоки и водство на колегите од Опатија, почнавме со имплементација на методологија што гарантира квалитет во наставата и која им нуди практични ангажмани на студентите како основа за квалитетно образование. Со други зборови, започнавме да го применуваме европскиот кредит-трансфер систем, еден од составните елементи на Болоњскиот процес. Од тогаш до денеска, Универзитетот за туризам и менаџмент со својата методологија на работа, речиси идентична со таа на сите светски универзитети, подготвува високостручни кадри што умеат да се соочат со секаков предизвик во својата професионална кариера.

Успешните приказни како што е нашиот универзитет мора да се одржуваат, а тоа секако не е лесно, но ние сепак успеваме. Често знам да кажам: „Без минато нема иднина, без традиција нема креација, а без работа, нема напредок“. Тоа е мојата формула за успех. Верувам во себе и во своите сили, верувам во мојот тим и во моите соработници. Верувам во мојата интуиција. Јас сум човек што не се задоволува со стандардни решенија. Не се плашам од работа, од промени, од учење, не се плашам да применувам нови практики и сознанија. Инсистирам да ги следиме сите современи високообразовни трендови. Тежнеам, а тоа го барам и од своите соработници, да бидеме во чекор со времето, секогаш први и најдобри. Оваа верба во себе и во тие околу мене, високите стандарди во работата, ентузијазмот и истрајноста во изнаоѓањето решенија за проблемите што неминовно ги носи времето, овозможија од Факултетот за туризам што го формиравме во 2006 година, за само 3 години, веќе во 2009-тата, да прерасне во мал, модерен и квалитетен универзитет.

Денес, Универзитетот за туризам и менаџмент е синоним за традиција, креација и работа, многу работа и само работа. Тоа се вредностите во кои верувам, со сето свое срце и душа. Патот беше и сè уште е трнлив, но задоволството е големо кога знаете дека сте создале институција што перманентно расте, а чии резултати се валоризирани, неспорни и видливи за сите. И најважно, кога знаете дека создавате кадар што го движи општеството напред.

Наградите кои ги добиваме доволно зборуваат за нашиот успех и квалитет во домашни и во светски рамки. За мене значат потврда дека она на што сме посветени и што го работиме заедно сите на Универзитетот е добро, потврда дека сме на вистинскиот пат. Тие награди и признанија прават да се чувствувам гордо, но истовремено значат и обврска за уште подобро работење и за уште подобри резултати. Секако, на успехот се горди и сите вработени, а особено студентите, бидејќи на нивните светски признаени дипломи стои знакот за квалитет.

**Во преполната сала на Македонската опера и балет се одржа Промоцијата на четиринаесеттата генерација дипломци и на**

**дванаесеттата генерација магистри на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Вашата порака до младите беше да си ја сакаат татковината и да работат во неа за да успеат. Како да ги задржиме младите дома?**

Најголемото богатство и најголемиот ресурс на секое општество се младите. Ние мора да најдеме начин да ги задржиме дома, да останат свои на своето. Според сите истражувања, Македонија зазема високо место по одливот на високообразовани млади луѓе во светот. Ретки се оние што размислуваат да останат тука.

На овогодишната Свечена промоцијата на дипломци и магистранти, но и во секоја друга пригода, на младите им порачувам да си ја сакаат оваа убава и мала држава, да си ја сакаат и да си ја почитуваат својата татковина бидејќи таа е една и единствена.

Но, што ако татковината во која сте се родиле не нуди перспектива за иднината, не нуди услови за здрав раст и развој, за воспитување на поколенијата, за образование и работа, поточно, услови за живот достоен за еден човек? Денес состојбите се токму такви. Во општеството владее апатија. Младите ја изгубија надежта, не веруваат во системот, не веруваат дека во блиска иднина ќе се смени нешто. Повеќе не се во прашање само социо-економската состојба или нискиот животен стандард во државата, туку се работи за разочараност од севкупната општествено-политичка состојба во државата, која не им нуди перспективи за нормален живот. Од друга страна, земјите-домаќини што привлекуваат таленти се обично со развиени економии, кои нудат различни можности, политичка стабилност и подобри услови за живот. Во такви услови, тешко е да се најде едноставно решение за задржување на нашите млади дома.

Една од причините за иселувањето мислам дека е и самиот образовен систем кај нас, кој за жал е сè поблиску до работ на пропаста. Сметам дека најпрво треба да му се посветиме на образованието. Нашите млади заслужуваат квалитетно високо образование што ќе им го трасира животниот пат, заслужуваат квалитетно знаење што ќе вроди со квалитет на работните места на кои ќе се најдат во годините што доаѓаат, заслужуваат поквалитетни работни позиции и поквалитетен живот. За таа цел, неопходно е посилно поврзување на образовниот сектор со бизнисот секторот. Овозможувањето на условите за квалитетно образование за младите е наша должност.

За да се спречи оваа бела чума, приоритети на ресорните министерства треба да бидат спроведување мерки за вработување, самовработување, субвенционирање станбени кредити и општо подобрување на квалитетот на живеењето, како и создавање позитивна клима што ги истакнува предностите на животот во Македонија. Но пред сè, треба да ја вратиме правната држава во земјата, правната сигурност, за да може да почнеме повторно да веруваме во системот, да почнеме повторно да веруваме и да се надеваме дека со труд и со работа може да се постигне и тука сè што ќе се посака во животот.

**Настанот беше уникатен, со балетска претстава, полн со емоции и, би рекле, светски за домашни услови. Од каде ги црпите идеите за вакви врвни настани?**

На 8 октомври во Македонската опера и балет имавме свечена промоција на 14-тата генерација дипломци и на 12-тата генерација магистри од нашиот Универзитет. Тоа е манифестација на која се заокружува еден циклус од студиите и ден кога студентите се заколнуваат дека ги прифаќаат правата и обврските на академски образовани граѓани што им припаѓаат со чинот на добивање на нивните дипломи. Слободно можам да кажам дека сме единствени по начинот на промовирање на дипломираните студенти, вниманието кое им го посветуваме на крајот од нивното студирање, а по кое треба да се вклучат во општествениот живот и во



Географијата - професија и страст на ректорот Миленковски.

можностите што им ги нуди стопанството. За нас тоа е голем свечен чин, кој го одбележуваме со врвен спектакл што дава вистинско естетско доживување во несекојдневен амбиент. Приредба со мошне интересна и богата културна програма, која со своето присуство ја уважуваат истакнати личности од релевантни институции, како и претставници од деловната и академска заедница од земјата и странство.

Најтешкото нешто во организирањето вакви настани е постојаното изнаоѓање нови идеи. Некои менаџери дури бараат помош од разни агенции за организирање на настани и слично. Кај нас ние работите ги правиме сами. Мојата ментална слика или разбирање за тоа како треба да изгледа еден врвен настан како овој, или другите што се случуваат на Универзитетот, е резултат на мојот естетски сензибилитет, чувство за убавото, за уметноста во целина, делумно наследен, но во голема мера и развиен низ животот. Имам особина да ги впивам убавите нешта што сум ги видел или кои сум ги доживеал на слични настани и манифестации во светот, и порив да барам начин да го направам тоа и кај нас. И, се разбира, тука е мојот карактер што не прифаќа ништо друго освен доведување на сето она што го работите до перфекција.

И ќе се запрашате зошто е тоа така, зошто толку труд и работа во една промоција на дипломци и студенти? За мене, тоа не е обичен настан. Тоа е свечена прослава на успехот. Му пристапуваме со исклучителна сериозност и посветеност, зашто нашите студенти го заслужуваат тоа. Во неговата реализација е вклучен целиот тим на Универзитетот. Секоја наша свечена промоција, возбудата на дипломците и на магистрите дента, секоја солза радосница во очите на нивните родители, возбудата и воодушевувањето на гостите и нескриеното задоволство на сите вработени на Универзитетот, ги оправдуваат напорот и трудот и сите финансии што ги вложуваме во неговото организирање.

Од целото ова сценско доживување, мене ми е особено драга балетската претстава „Simply the best", во кореографија на Олга Панго, која во седум слики ги претставува моментите што се помнат, годините поминати во училишните

клупи. Низ различните елементи од балетската точка, раскажана е и приказната за создавањето на Универзитетот, мојата приказна за моето животно дело Беше тешко, многу тешко. Но, тоа е мојот начин - да ја направите најтешката работа за да не бидете исти како другите.

**Велите дека дипломците од УТМС се врвни професионалци, кои работат во реномирани компании на менаџерски позиции. Колку се тие барани на пазарот на труд?**

Универзитетот за туризам и менаџмент како сериозна образовна институција со мисија да одговори на потребите на македонската економијата и на развојот на општеството во целост, во процесот на подготовките за конципирање на факултетските програми, направи сериозна анализа на потребите на пазарот на трудот. Нашите студиски програми произлегоа од оваа анализа и се единствени во државата, а нивниот опсег се движи од економија, преку туризам, менаџмент, маркетинг, човечки ресурси, до информатика. Ќе се согласите, сите се многу практични и атрактивни за младите.

Може да се пофалиме дека висок процент од сите дипломци и магистри што завршиле кај нас од  почетокот на нашето постоење до денеска, работат. Тоа значи дека пазарот на трудот нè препознава, а дека ние произведуваме кадри што ги задоволуваат неговите потреби и кои лесно се интегрираат во работните средини на реалните работни места. Ова е резултат на повеќе елементи стратешки вградени во организацијата на нашите факултети и во нивниот наставен процес.

Првата и најважна работа е со какви знаења, вештини и компетенции се стекнуваат студентите во образовниот процес. Сметам дека е прва и најважна зашто зголемената вработливост на студентите е, пред сè, директно поврзана со нивото на компетенции што тие го развиле во процесот на студирање, а многу помалку со изборот на факултетот. Со други зборови, кој и факултет да го одберете, ако сте стекнале солидни знаења, вештини и компетенции во текот на студирањето, лесно ќе најдете работа. Нашите студенти се врвни професионалци опремени со знаења, вештини, информации и компетенции, кои работат во реномирани компании, повеќето од нив на менаџерски позиции. Овие резултати од нашиот образовен процес се директно поврзани со методологијата што ја применуваме.

На пример, благодарение на оваа методологија, која во голема мера подразбира и практична настава, денес во секторот туризам задоволство ми е да ги гледам моите студенти како успешни менаџери на туристички организации, успешни водичи, придружници итн., не само кај нас, туку и во многу развиени светски туристички дестинации. Така е и со останатите профилирани кадри.

Втората исто толку важна работа за атрактивноста на нашите кадри на пазарот на трудот се нашите советодавни одбори. Тоа е тело што го има секој наш факултет, а во кое членуваат најуспешните професионалци од својата област во нашава држава. Тие, заедно со академскиот кадар, преку размена на знаења и искуства меѓу практиката и теоријата, работат на креирање нови и на подобрување на постојните студиски програми на Универзитетот, при што најдиректно ги обликуваме професионалните капацитети на студентите според актуелните потреби на стопанството.

И третата, не помалку битна компонента на нашиот успех е нашата флексибилност и подготвеност за брзи промени како одговор на општествените предизвици. Постојано сме во чекор со времето, некогаш дури и пред него, и секогаш со одговор за предизвиците на глобалните случувања.

Денес Универзитетот за туризам и менаџмент е синоним за највисоки стандарди и барања за одржување на квалитет, што му обезбедува место во редот на универзитетите што се



Визија, посветеност и многу работа е тајната на успехот на ректорот Миленковски.

лидери во областа на високото образование во Европа и во светот. Како што покажува и статистиката на вработување на нашите кадри, ова лидерство е препознаено и од пазарот на трудот и денес работодавачите не очекуваат од нас ништо друго освен висококвалитетен и стручен кадар.

**Образованието е еден од столбовите на државата, а со законот за Високо образование не треба да се експериментира. Што треба конкретно да се направи за се подобрат состојбите на долг рок?**

Образованието и здравството се столбовите и најголемиот капитал на секое општество. Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на општеството. Но, какво е нашето? Дали е навистина реформирано онака како што се говори?

Зборот реформа, сосема спротивно на своето значење, во последно време стана синоним за брзи краткотрајни бесцелни промени, без да се навлегува во самата суштината на проблемот што треба да се решава. Ова е особено штетно за образовниот процес, зашто грешките што ги правиме при образованието на генерациите денес стануваат видливи дури по неколку децении, кога тие генерации ќе станат носители на економскиот, политичкиот и на општествениот живот во државата. Затоа секаде во светот на реформите во образованието им се пристапува со исклучителна внимателност, стратешки и плански, со градење на широк консензус на сите општествени чинители за правецот и за целта на образовните промени. Кај нас, за жал, се однесуваме сосема спротивно од тоа што изгледа здравоwразумно и од тоа што е практика надвор од границите на државата.

На пример, сведоци сме се дека се изработија голем број стратегии за образованието во земјава. Меѓутоа, ниедна не е прифатена од целокупната научна и образовна јавност, а уште помалку е доследно имплементирана. Зошто? Прво, затоа што во нивното креирање најчесто учествуваат парцијално одбрани луѓе што не се секогаш најповикани за изработка на државна стратегија за образованието, а второ, при спроведувањето на стратегиите, најчесто брзоплето преку проекти и без соодветно пилотирање, а теренот и наставниот кадар не се соодветно подготвени

за тоа. Експериментите што министрите ги правеа за брзи политички поени, од осамостојувањето на државата, па сѐ до денес, го доведоа образованието до ова дереџе.

Тоа особено се однесува на високото образование, каде што сите решенија содржани во правните рамки се донесени набрзина, без концепт и без поткрепа во емпириските сознанија. Со други зборови, тоа се лоши потези на носителите на тие промени.

Во реформите во високото образование клучно прашање треба да биде целосната имплементација на Болоњската декларација и усогласувањето на нашиот образовен систем со образовните системите на развиените земји во Европа и во светот. Кога велам целосно, мислам на примена на Болоњската декларација како европски стандард без импровизирање, лично толкување и примена. Недоследната примена на ЕКТС во високото образование доведе до наметнување на мислење кај јавноста дека ЕКТС не функционира добро. Па, ако не се применува како што треба, нормално е дека нема да ги даде очекуваните резултати. И замислете, во сите развиени држави тој одлично функционира и произведува квалитетни високообразовани кадри, а само кај нас не чини. Не е до системот, туку до нашето произволно толкување и недоследна примена на стандардите.

Реформите во високото образование се неопходни, а за една ефикасна образовна реформа,  потребна е исклучителна посветеност на Министерството за образование, целата академска заедница и вклучување на сите високообразовни институции и главните актери во стопанството во сите фази на креирањето и на спроведувањето на реформата.

Според тоа, првата работа што треба да се направи е да се донесе нов закон кој ќе биде позитивен во смисла на изедначување на македонското високо образование со европското високо образование, закон кој ќе воспостави еднакви критериуми и рамноправен третман на сите приватни и државни високообразовни институции.

Јас и целиот капацитет на Универзитетот за туризам и менаџмент стоиме на располагање и ќе го поддржиме реформски курс што води кон воведување стандарди за научно унапредување, зголемување на квалитетот на образованието и за примена на современите знаења и вештини во склад со потребите на стопанството.

**Неодамна на Универзитетот за Туризам и Менаџмент се одржа првиот Меѓународен Форум на градоначалници, на кој присуствуваа градоначалници на светски метрополи. Колку овие збиднувања се корисни за нашите локални власти и како човек кој бевте активен во политиката, но и градоначалник на општина Чаир, што ќе им порачате на сегашните градоначалници?**

На 1 јуни оваа година во Храмот на знаењето, како што милувам да го наречам амфитеатарот на Универзитетот за туризам и менаџмент, се одржа првиот Меѓународниот форум за градоначалници под мотото „Модерна општина“, на кој присуствуваат експерти, амбасадори и градоначалници, како од земјата, така и од многу европски метрополи.

Идејата за организирање ваков престижен настан дојде од обиколката што ја имаше Универзитетот низ општините во државата, односно од желбата да им се даде поддршка на градоначалниците во реализацијата на нивните програми, а во интерес и подобрување на животот на граѓаните.

И на овој величествен настан реков дека можеби ние со ова нема да можеме нешто веднаш да смениме, но за мене е значајно дека од некаде ќе почнеме. Да почнеме со гласно зборување, со барање решение и покажување на реалните состојби во кои се наоѓаат нашите општини и нашите градоначалници. Форумот ја оствари целта што беше поставена и сигурен сум дека оваа средба нема да биде и последна, дека ќе прерасне во насушна потреба и континуитет.

За да одговорам на вториот дел од прашањето, морам да се вратам во еден друг период од моето минато, многу различно од сегашноста, но со многу искуство што ми помага денес во совладување на одредени состојби.

Популарноста како професор по географија во општината во која живеев, животниот и професионалниот развој, моето чувство за потребите на плуралното општество, како и изразените патриотски чувства по враќањето од Канада, каде што бев во можност да ги уочам и да ги споредам разликите во сите сфери на живеењето со состојбите во мојата татковина, не останаа незабележани од страна на тогашните политички гарнитури во државата.

Така, на локалните избори во 1996 година, а потоа и во 2000 година, на два пати како кандидат на партијата ВМРО-ДПМНЕ, бев избран за градоначалник на тогашната Општина Чаир. Ја затекнав општината оптоварена со многу проблеми. Повеќе рурална и заостаната, помалку градска, и секако неразвиена. Со напорна и трпелива работа по неколку години таа слика беше променета, особено во сферата на образованието. Тогаш градоначалникот ги немаше сегашните ингеренции над училиштата. Тие повеќе беа во надлежност на централната власт. Сепак, создавајќи професионален тим околу себе, успеав овој столб на општеството да го издигнам на едно повисоко ниво, на кое сум горд и денес.

Денес, по нешто помалку од две децении, можам да кажам дека резултатите од моето работење како градоначалник сè уште повидливи, како на полето на образованието, така и во поглед на инфраструктурните решенија. Од оваа временска дистанција можам само да им порачам на сегашните градоначалници да не се плашат од преземањето смели чекори што се во интерес на граѓаните. Да се изборат за поголема децентрализација и за добивање поголеми ингеренции, со кои би можеле да им излезат пресрет на своите гласачи, но и за благосостојбата на сите жители во нивната општина.

**Во време на економска и енергетска криза, туризмот поминува низ тежок период. Дел од хотелите веќе најавија дека зимава ќе стават клуч на врата. Миленковски како да се подобрат состојбите во една од најзначајните гранки за економијата?**

По невидениот пад во 2020 и во 2021 година, кога светскиот туризам беше на работ на пропаѓање, закрепнувањето започна во јануари 2022 година. Последните податоци на Светската туристичка организација покажуваат дека меѓународните туристички движења се зголемени повеќе од тројно од јануари до јули 2022 година (+172%) во споредба со истиот период од 2021 година.

Патем, да напоменам, Универзитетот што го предводам е членка на Светската туристичка организација, па оттаму редовно ги добиваме најновите информации.

Иако податоците покажуваат позитивен тренд, темпото на закрепнување во јануари беше забавено поради новите ограничувања за патување предизвикани од варијантата на вирусот Омикрон, а меѓународните туристички пристигнувања останаа пониски во споредба со периодот пред пандемијата.

Кај нас, според податоците на Државниот завод за статистика, во периодот јануари – септември 2022 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 37.0%, и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 4.3%, а кај странските зголемувањето е за 88.2%. Во периодот јануари – септември 2022 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на ноќевањата е зголемен за 21.3%, и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 2.4 %, а кај странските зголемувањето е за 76.2%.

Сепак, ќе се сложите дека тоа се поразителни податоци, ако се земе предвид вкупниот број туристи што ги користеле туристичките

капацитетите во државата во текот на годината и во однос на другите туристички дестинации. Бројките покажуваат дека на туристичкиот сектор му е потребна помош од државата, што е и една од првите три препораки на Светската туристичка организација при Обединетите Нации.

Но, сметам дека туризмот нема да ја добие помошта што му е неопходна од причина што тој организационо не е добро поставен во Македонија. Притоа, ќе издвојам неколку причини зошто е македонскиот туризам уште од осамостојувањето на ова ниво на кое е денес. Проблемот е во тоа што ние немаме реална стратегија за развој на туризмот, никакво или скоро незначително инвестирање во инфраструктурата, континуирано лоши маркетиншки потези, незаинтересираност за присуство и претставување на големите светски саеми  и уште низа други причини.

За надминување на проблемите, пред сè е потребна државна стратегија за развој на туризмот, со вклучување на сите чинители под водство и во ингеренции на едно ново министерство, Министерство за туризам.

Секако, ова министерство би имало приоритетна задача да ја усогласи домашната регулатива со регулативата на ЕУ од областа на туризмот преку следење на работата на Светската туристичка организација на Обединетите нации (UNWTO), како нејзина членка.

**Живеете динамично, некогаш денот е прекраток за сите ваши средби, состаноци, предавања. Што ве исполнува приватно?**

За некого успехот значи да можете да го правите она што го сакате и да постигнете одлични резултати без да ги мерите во парични единици. За некого успехот може да значи токму спротивното, резултатите да ги мерите во парични единици без разлика што работите и какво влијание имате врз окружувањето. Со други зборови, за да станете успешен човек, најпрво мора јасно да дефинирате што е успех за вас.

За мене е успех, меѓу другото, и умеењето да ги избалансираате потребите на работата со потребите на луѓето што ви значат. Секој работи за да обезбеди подобар живот за себе и за своето семејство, но и за да го ужива тој живот со него. Токму овој баланс помеѓу работата и приватниот живот е сè поголем предизвик за современиот човек, па и за мене како човек што одлучил да води еден ваков бизнис.

Иако најголемиот дел од моето време му го посветувам на мојот бизнис, на водењето една институција како што е Универзитетот за туризам и менаџмент, сепак се обидувам да ја воспоставам рамнотежа секогаш кога ми дозволуваат моите работни обврски. Јас сум човек со конзервативно воспитување. Од мојот татко научив дека неделата и неделниот ручек имаат посебно значење и треба да му бидат посветени на семејството. Затоа, секој викенд претставува најинтимен момент во мојот живот, момент кога сум дома со моите најблиски, со моето семејство, со мојот внук Давид. И порано мислам дека сум кажал, Давид е една од навиките без кои не можам.

Секој празник, секој значаен датум за мене и за тие што ми значат е исто така момент кога заборавам на работата. Тоа се важните датуми на моето семејство, но и важните датуми на моите роднини и пријатели,  за кои често знам да кажам дека се моето најголемо богатство. Тоа се денови посветени на нив, посебни мигови кога сум само Аце, сопруг, татко, дедо и пријател. Тие моменти се можеби оние што ме прават целосно среќен, исполнет и задоволен. Она што ми дава поттик и сила да се справам со предизвиците што неминовно ќе ги донесе следниот ден.

Многу често знам да кажам дека среќата не е азно, не е во парите. Таа е во пријателствата што сте ги формирале и што сте успеал да ги одржите во животот. Таа е во семејството, во мојот внук и во моите деца. Моите пријатели и моето семејство се мојата најдобра животна инвестиција што ме прави среќен и задоволен. Тоа се за мене вистинските вредности.

# ОБРАЗОВАНИЕ



# „НЕ Е ЛЕСНО ДА СЕ БИДЕ НАЈДОБАР, ТОА Е ПРИВИЛЕГИЈА, НО И ТЕЖОК ТОВАР! ПРВИ И ЕДИНСТВЕНИ СМЕ ВО СÈ, НИЕ ПОСТОИМЕ ЗА НАШИТЕ СТУДЕНТИ"

## - Грандиозна промоција на Универзитетот за туризам и менаџмент на новата генерација дипломци и магистри

„Образованието е најмоќното оружје што можете да го употребите за да го промените светот". Овој цитат на Нелсон Мандела е една од најпознатите изреки за вредноста на образованието. Убавата страна на учењето е тоа што никој не може да ви го одземе. Токму во исполнувањето на овие цели, Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје ја исполнува својата мисија – мисија за создавање, спроведување и одржување највисок квалитет во образованието. Подготовка на високостручни кадри, кои ќе умеат да се соочат со предизвиците што во иднина ќе им ги поставаат нивните професионални кариери.

Во оваа насока, Универзитетот за туризам и менаџмент создаде уште една генерација дипломци и магистри. Во Македонската опера и балет се одржа еден од најграндиозните настани на годината. Вака нескромно може да се оцени  промоцијата на четиринаесеттата генерација дипломци и на дванаесеттата генерација магистри на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Настанот во преполната сала на МОБ започна со интонирање на химната и поздрав кон државното знаме, а во присуство на амбасадори, градоначалници, претставници на државните институции, родители, студенти и останати гости.

Ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент, проф. д-р Аце Миленковски, кој им се заблагодари на присутните за одвоеното време, во својот говор откри како се родила идејата за Универзитетот, кој денес е една од најреномираните образовни институции.

**„Почна од нескротливата желба во мене да создадам нешто ново, иновативно, различно, корисно, светско, квалитетно, уникатно, најдобро. Почна од мојата љубов кон двајца стари верни животни пријатели, пријатели што никогаш никого не изневериле, пријатели моќни да придвижуваат и да менуваат светови, волшебници што отвораат нови хоризонти пред видикот и кои создаваат нови универзуми, двајца моќни пријатели што ја создале цивилизацијата, светот во кој живееме денеска, љубов што длабоко ја всадија во мене моите родители, пред сѐ татко ми, академик проф. д-р Љубе Миленковски, љубов кон книгата и знаењето! Почна од уште една друга голема љубов, љубовта кон татковината, кон Македонија. Љубов што во мене постојано раѓа нескротлива желба, мир што не дава, да направам, да создадам нешто, па макар и малку, толку колку што можам и умеам, ова парче земја да стане пристојно место за живеење. Да стане светско, за мојот внук, за вашите внуци, за идните поколенија, зашто тие не заслужуваат ништо помалку - од светско. Таа приказна, што започна вдахновена од љубов, во едно дождливо есенско октомвриско утро, создадена со многу труд и пот, приказна во која е вградена секоја клетка од моето битие, со**

**Ректорот Миленковски со длабока почит и поклон кон државното знаме на овогодишната Промоција.**



**која се будам и си легнувам секој ден, таа приказна што ќе беше невозможно да стане реалност без секој од вас тука поединечно, таа приказна чиј успех го славиме уште една година, заедно со успехот на уште една генерација студенти, се нарекува Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје“**, раскажа Миленковски.

Ректорот истакна дека Универзитетот со кој раководи седумнаесет години создава знаења и генерира успешни кадри во областа на туризмот и менаџментот, а дипломците се врвни професионалци што работат во реномирани компании на менаџерски позиции.

**„Седумнаесет години сме посветени на знаењето. Години посветени на создавање знаење за две многу важни области за развојот на ова земја – туризам и менаџмент. Знаење за тоа како да се управува – како да се вгради минатото во иднината преку правилно управување со тоа што сме го наследиле и со тоа што ќе го иновираме за да создадеме подобро утре. Зашто тоа е природата на нештата, да се движат напред, да создаваат минато, кое повторно во сегашноста ќе го преточиме во иднина! Тоа е циклусот на развојот, тоа е циклусот на животот! Без минато нема иднина! Без традиција нема креација! Без работа нема напредок! Тоа сме ние, Универзитетот за туризам и менаџмент! Традиција, креација и работа, многу работа“**, порача Миленковски во својот искрен говор.

Оваа земја може да ја придвижи напред само споделеното знаење, само тоа има моќ да создава нови светови, нова реалност порача Миленковски.

**„Но знаењето само по себе не вреди ништо ако не е споделено! Само споделеното знаење ја има моќта да создава нови светови, нова реалност. Само споделено знаење може да ја придвижи оваа земја напред! Тоа е нашата мисија, да создаваме и да споделуваме знаење. Да пишуваме книги со кои знаењето на нашите професори ќе им го пренесеме на нашите студенти. Да држиме часови на кои заедно со нив ќе создадеме ново знаење. Да учиме едни од други, студентите од своите професори, професорите од своите**



**Проф. д-р Сашко Граматниковски и доц. д-р Ангела Миленковска Климоска во улога на водители на настанот.**






Ректорот Миленковски во своето обраќање ги повика младите да останат дома.

**студенти. Впрочем, ние и постоиме за нашите студенти. Чуму ќе ни е знаењето ако не го вградиме во нашата иднина, а како да го сториме тоа без нашите студенти? Тие се нашите знаменосци, тие се тие што знаењето што сме го создале ќе го преточат, во практика, ќе го преточат во развој. Тие се тие што ќе нѐ остават запаметени, може не како име и презиме, но сигурно како промена, како новина, како придвижување, како наш прилог кон една поубава иднина за нашите внуци“,** истакна Миленковски.

Први и единствени сме во многу нешта, кажа Миленковски. Универзитетот се стреми кон одличност во образованието, за што има добиено и диплома за квалитет од Светската туристичка организација при Обединетите нации.

**„Просечноста не е наша опција. Не сакаме просечен квалитет, не сакаме просечно знаење, не сакаме ништо што е просечно. Сакаме да сме број еден, сакаме да сме најдобри, бидејќи нашите внуци не заслужуваат ништо помалку од тоа, напротив тие го очекуваат тоа од нас. Сакаме одличност во образованието – и тоа го постигнавме! Добивме диплома за квалитет во високото образование на Светската туристичка организација при Обединетите нации. И не само квалитетни, туку сме први и единствени со ваква диплома. Бевме први и единствени и пред 17 години кога почнавме. Први и единствени и во доследно спроведување на кредит-трансфер системот, но и први и единствени што обезбедивме и сѐ уште обезбедуваме објективна мерливост на знаењето. Први и единствени што се грижиме за нашите студенти – рамноправно се однесуваме кон нив, тие се наши колеги. Први и единствени сме во сѐ и тоа го бараме и од нашите студенти – да бидат секогаш и секаде одлични, први и единствени, во учењето, во животот, во општеството! Зашто не просечните, туку првите, одличните и единствените го менуваат светот! Тие што овие вредности ќе ги вградат во своето секојдневно работење, што ќе станат одлични во менаџирањето на**

**финансиите на своите работни места, или во управувањето со таленти, или одлични и успешни менаџери на туристички ресорти, или агенции, или имиња што стојат зад одлични брендови, или одлични програмери. Нашите дипломци и магистри се секогаш во најдобрите компании, најдобри работници, на најдобри работни места. И горди сме на нив, зашто тие се нашиот залог за иднината на оваа земја!**

**И сметаме дека секој треба да добие шанса во животот! Шанса да направи нешто од себе, за себе и за другите! А има ли подобра и повредна карта во играта наречена живот од таа на образованието? Има ли нешто што може да обезбеди подобра стартна позиција во животот од одлично образование? Затоа, го формиравме Фондот за стипендирање ‚Проф. д-р Љубе Миленковски', за да обезбедиме можност за сите. Зашто најважно од сѐ за нас е човекот. Ако не си човек, не си ништо. Зашто кога се грижиме за другите, се грижиме за сите нас, за општеството, за земјата, за иднината, а нашите внуци, повторно, не заслужуваат ништо помалку од тоа“,** изјави тој.

На крајот од својот говор Миленковски испрати силна порака до сите присутни и им се заблагодари на студентите без кои, како што рече  немаше да бидеме тука денес.

**„Не е лесно да се биде најдобар! Тоа е привилегија, но и тежок товар! Товар што тешко ќе го износев сам во годините што изминаа, да не беа до мене и со мене сите мои соработници. Тие што дошле и заминале, тие што дошле и останале. На овој свечен чин, сакам да им заблагодарам на сите членови на мојот тим, деканите, професорите, проректорите, за сите непроспиени ноќи во градењето на оваа приказна, за сите статии и конференции низ светот со кои ни го обелиле образот, за сите книги и учебници што ги напишале, за сите денови поминати во предавалните со нашите студенти, за сите кафиња испиени со нив. На тимот во администрацијата на Универзитетот, без кој тешко дека ќе можевме да си ја вршиме работата, но најголема благодарност сепак Ви должам Вам, наши студенти, и Вам, нивни родители, зашто без вас немаше  да биде денеска тука“,** изјави на крај Миленковски.

На свечената промоција беа прогласени и најдобрите дипломци и магистри, а истовремено им беа доделени признанија и награди. Најдобрата дипломка на Универзитетот, Марија Спиркоска, во својот говор пред присутните во името на сите дипломци нагласи дека Универзитетот е уникатен по многу нешта, а дипломите се признаени во целиот свет.

**„Требаше многу труд, упорност и трпение да се стигне до тука. Но тоа не ќе беше возможно ако не беа до нас нашите професори и асистенти, да нѐ бодрат во тешките моменти, да ги слават заедно со нас среќните моменти. Универзитетот за туризам и менаџмент е уникатен по многу нешта, но токму  поддршката на нашите професори за нас, студентите, го прави овој Универзитет единствен. Од името на сите нас, сакам да изразам длабока благодарност до ректорот на Универзитетот, проф. д-р Аце Миленковски, и до целиот негов тим – нашите професори и асистенти – за нивната упорност, посветеност во работата и вербата во нас. Без нив немаше да стигнеме до тука. Ќе се покажеме достојни за нашите дипломи на нашите работни места. Секогаш и секаде ќе покажеме етичност и професионалност во работата, така како што нѐ подучувавте вие! Убедени сме дека нашиот Универзитет ќе остане да биде лидер и синоним за квалитет во високото образование. Горди сме што нашите дипломи ги стекнавме токму тука“,** изјави Спиркоска.

За најдобрата магистерка Марија Стоилковска – Божиноска, Универзитетот е бренд синоним за иновативност и квалитет, лидер во високото образование. Таа им се заблагодари на ректорот и на професорите на Универзитетот



Балетската претстава „Simply the Best" - интимна приказна за создавањето на Универзитетот.

Обраќање на Марија Спиркоска, најдобрата дипломка на УМТС.




за исполнетите очекувања на студентите.

**„Преку квалитетни предавања, возбудливи проекти и ред други активности ни ги откривте тајните на пробивот и успехот во деловниот свет. Го поттикнавте лидерството во нас и нѐ инспириравте да бидеме најдобри, секогаш да се држиме до највисоки стандарди. Нѐ направивте луѓе, професионалци желни да грабаат напред во животот, желни да придонесат кон развојот на општеството, да работат за доброто на сите. Имаме визија за животот, имаме верба во себе дека ќе успееме, имаме сила да тргнеме напред, и тоа е сѐ благодарение на вас, на вашиот труд и верба во нас. Горди сме на нашите дипломи, уникатни и препознатливи во целиот свет. Знаеме дека ќе не препознаат секаде, зашто нашиот Универзитет е препознаен бренд, синоним за иновативност и за квалитет. Ние сме вашата успешна приказна и ќе ве направиме да бидете горди на нас. Така како што се гордееме ние со Вас, со нашите дипломи, со знаењето и вештините што ги стекнавме низ**

**годините поминати на најдобриот Универзитет“,** нагласи најдобрата магистерка.

**„Денешниот ден не е последен ден кога се гледаме. Врските меѓу Универзитетот и нас, создадени низ годините поминат заедно, се нераскинливи. Вечерва е почеток на нашата нова соработка, како професионалци и како дел од асоцијацијата на алумни на Универзитетот. На крајот, во името на сите магистри сакам да порачам да ги негуваме и да дејствуваме во согласност со вредностите што ги стекнавме на Универзитетот. Да сме вредни, лојални, единствени, успешни и професионални – секогаш и секаде. На Универзитетот за туризам и менаџмент му посакуваме уште многу генерации успешни дипломци и магистри“**, изјави Стоилковска – Божиноска.

Да биде промоцијата комплетна, меѓу говорите беше изведена и балетската претстава „Simply the best“ во кореографија на Олга Панго, која во седум слики ги претстави моментите што се помнат од образовниот процес – да се биде прваче, матурант и дипломец.



Најдобрата магистерка,
Марија Стоилковска - Божиноска со своето семејство.

Студентите се причина за која постоиме - сцена од балетската престава „Simply the Best“.





**Проф. д-р Валентина Муцунска Палевска,**
професорка на Факултетот за меѓународен маркетинг на УТМС.



# КАПИТАЛОТ НА БРЕНДОТ УТМС

**Универзитетот за туризам и менаџмент е високообразовна институција која во текот на своето седумнаесетгодишно егзистирање успеа да се позиционира како современ, препознатлив, уникатен и конкурентен бренд во сферата на високото образование. Тоа е резултат на посветената, упорна и напорна работа на академскиот кадар во сите сегменти на функционирањето.**

# КОЛУМНА

Пишува: **Проф. д-р Валентина Муцунска Палевска,**
професорка на Факултетот за маркетинг на УТМС



Успешноста и одржливоста на позиционираноста како бренд ја постигна благодарение на проактивното, визионерско лидерство на ректорот, проф. д-р Аце Миленковски, кој од основањето на Факултетот за туризам, фанатично и ентузијастички ги инкорпорираше вредностите и принципите на високото образование што се применуваат на престижните светски универзитети. Пред сè, фокусот беше ставен на обезбедување целосен квалитет во наставно-научната дејност со доследна примена на методологијата на студирање според кредит-трансфер системот на Болоњската декларација.

Процесот на креирање и промовирање на иновацијата започна кога во високото образование во Македонија, универзитетите работеа по методологии што се инкомпатибилни со меѓународните образовни стандарди. Првата генерација студенти во текот на студиите ја препознаа различноста во однос на непристрасноста и објективноста во мерењето и во оценувањето на знаењата. Нивното задоволство од наставата, како и од пристапот на професорите и на асистентите во процесот на учење и на подучување, беше движечкиот агенс и потврда на заложбите на факултетот за стекнување квалитетни и применливи знаења, со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Универзитетот за туризам и менаџмент од самиот почеток ја промовираше иновацијата за реализација на практична настава во текот на студирањето. Таа обврска надлежните институции ја интегрираа во високото образование многу години подоцна. По дипломирањето на првата генерација, Факултетот за туризам прерасна во универзитет, во чиј состав функционираа шест факултети. Тоа беше период на длабински и интензивни екстерни општествено-политички, економски и техничко-технолошки промени, кои неминовно наметнуваа потреба од следење на промените и нивно интегрирање во образованието.

Покрај перманентното подобрување на наставата, фокусот беше ставен и на примена на дигиталните технологии во интерните и во екстерните комуникациски процеси. По претходно истражување и поставување бенчмаркови во однос на примената на информатичко-комуникациската технологија, Универзитетот пристапи кон иновирање преку креирање софтвер со интерен и со екстерен портал за брзо и навремено споделување

информации помеѓу вработените и студентите, како и користење на социјалните медиуми за промовирање и споделување добри практики.

Истовремено, Универзитетот ја препозна потребата од етаблирање во меѓународната научна јавност. За таа цел го креираше научното списание UTMS Journal of Economics, кое со текот на годините влезе во престижни бази на научни списанија, и го организираше меѓународниот конгрес ICONBEST. Од денешна перспектива, Универзитетот  инвестираше во креирање и имплементирање систем на вредности во високото образование кои за другите универзитети беа непозханица, и со тоа се промовираше како лидер во високото образование со препознатлив квалитет и со меѓународно призната диплома. Иновациите што ги промовираше го позиционираа како уникатен, современ и модерен универзитет.

Паралелно со градењето на својот интерен капитал, кој е приоритетен и неопходен за образованието и студентите, Универзитетот креираше и стратегија за корпоративно брендирање, во функција на градење врски и партнерски односи со студентите и со другите општествени чинители, креирајќи свесност за брендот на Универзитетот, како и за неговите особености што го диференцираат од конкуренцијата. Универзитетот е препознатлив преку изборот и дизајнот на елементите на брендот што го изградија уникатниот и оригинален идентитет на брендот. Визуелно е препознатлив преку нијансите на сината боја, која е симбол на интелектот, интегрирана во логото, екстериерот и ентериерот на универзитетот. Во сетот идентитетски елементи на брендот е и химната „Мојот универзитет“, како и видеозаписот за неа, интерпретирана од познати музички ѕвезди, кои истовремено беа и бренд-амбасадори на Универзитетот. Слоганот „Едноставно најдобри“ ја отсликува едноставноста на комплексноста што ја менаџира Универзитетот според строго дефинирани стандарди, што придонесува за успехот и за препознатливоста. Воден од желбата за понуда на иновативна образовна услуга на пазарот, ректорот и неговиот тим, во континуитет го менаџираа брендот, почнувајќи од истражување на состојбите на пазарот, лансирањето на брендот, управувањето со животниот циклус на брендот со цел создавање и зголемување на вредноста и капиталот на брендот. Во тој процес перманентно се додаваа вредности на брендот, кои со примена на маркетиншки алатки беа пласирани до актуелните и до потенцијални студенти. Тоа продуцираше сатисфакција кај студентите, а нивното позитивно искуство и задоволство од системот на вредности ја детерминираа високата, конкурентска позиционираност на Универзитетот. Тоа е резултат на интензитетот и на моќта на брендот да воспостави ефикасна комуникација и интеракција со актуелните, но и со потенцијалните студенти, да влијае врз креирањето на нивната когнитивна и емотивна мапа преку промотивни активности што предизвикуваат импресии и емотивни реакции.

Моќта на брендот на Универзитетот допира не само до разумот туку и до срцата на студентите, кои за време на студиите, но и по дипломирањето се амбасадори на брендот, промовирајќи го свесно или спонтано во приватната и во деловната средина во која егзистираат. Управувањето на брендот е битен фактор што влијае врз  имиџот на брендот, но и врз имиџот и репутацијата на Универзитетот. Затоа, вработените како бренд-амбасадори континуирано преземаат активности за подобрување на професионалните перформанси на Универзитетот, кои значително влијаат врз зголемување на капиталот на брендот, освојување на нови и задржување на постојните целни пазари, воспоставување квалитетни односи со деловните партнери, градење на лојалноста на студентите кон брендот преку исполнување на нивните барања и на очекувањата од брендот. Во своето долгогодишно функционирање, Универзитетот успеа да креира и да промовира концепт на бренд што е уникатен и препознатлив во јавноста, со атрибути што најдобро го опишуваат, но и да лансира силна

порака за  вредноста и за придобивките што ги обезбедува за студентите.

Концептот на брендот Универзитет за туризам и менаџмент ги содржи атрибутите, емоционалните сатисфакции, вредностите според кои е персонализиран и  препознатлив во јавноста. Особено е важно дека брендот од проактивен аспект ги дефинира предизвиците на неговата вредност, неговите различности од другите брендови како и стратегиите со кои успешно се позиционира во свеста на актуелните и на потенцијалните студенти. Универзитетот се позиционира како бренд што влијае врз свеста, креирајќи комплексен сет на перцепции, импресии и емоции што студените ги имаат во однос на конкурентските брендови.

Во однос на другите универзитети, Универзитетот за туризам и менаџмент како бренд зазема конкурентна позиција во менталната мапа на интерните и на екстерните чинители, што е резултат на нивното рангирање врз основа на вредностите, т.е. карактеристиките на брендот. Универзитетот креира и промовира идентитет и имиџ на брендот што моќно влијае врз когнитивната мапа на корисниците на услуги за вредноста на капиталот на брендот што им ја нуди. Тоа е бренд што успеа цврсто да се позиционира во свеста на студентите и на другите чинители, што придонесува за позиционираноста на Универзитетот во нивната менталната мапа.

Од стратешки аспект, истражувањата на пазарниот сегмент придонесува за идентификување на карактеристиките, т.е. димензиите на брендот  што потенцијалните корисници на услуги ги оценуваат како значајни за нив. Тој психолошки ефект придонесе за диференцијација на услугите според спецификите на одделните целни сегменти. Динстинктивните признаци на брендот го дизајнираа неговиот имиџ. Тоа се димензиите според кои Универзитетот и неговиот бренд се позиционираат во свеста на актуелните и на потенцијалните студенти. За таа цел, универзитетот презема активности за прецизно одредување на нивото на позиционираност на брендот преку мултидимензионални мерења, кои се еден вид процедури што овозможуваат просторно претставување на различни елементи што влијаат врз однесувањето на корисниците на услугите.

Перцепциите и преференциите се феномени од кои највеќе зависи позиционираноста на брендот во свеста на студентите. На тој начин, разликите и сличностите меѓу одредени конкурентски брендови создаваат мултидимензионален простор на имиџот, т.е. мапа на перцепции. Мапа на перцепциите како сет на клучните вредности и атрибути на услугата и перцепциите или верувањата на студентите, односно визуелното сумирање на димензиите што потенцијалните студенти ги користат за перципирање и оценување на услугата, и идентификација на позицијата на конкурентските брендови врз основа на тие димензии, универзитетот успешно ги синхронизира. Како резултат на стратешко и планирано дејствување кон репозиционирање на брендот, тргнувајќи од истражување на пазарните позиции на конкурентските брендови, универзитетот перманентно ги подобрува својот имиџ и својата позиционираност. Во тој процес,  мапата на перцепции е релевантен факт за нивото на позиционираност на брендот што го постигнува со редизајнирање на понудата, односно инструментите на маркетиншкиот микс, со примена на активности што придонесуваат да се креира посакуван, дистинктивен имиџ, кој се позиционира конкурентски во рамките на мултидимензионалниот простор, т.е. перцептивната мапа на актуелните и на потенцијалните целни групи.

Универзитетот за туризам и менаџмент е моќен бренд, кој со континуирано интегрирање на институционални иновации го зголемува капиталот на брендот, со што ја обезбедува својата конкурентска позиционираност на пазарот на образовни услуги.

# ТЕМА



# МАКЕДОНИЈА УЖАСНО ДОЦНИ СО ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПРЕТСТОЈНАТА ЗИМА

Србија го диверзифицира пазарот за снабдување со енергенси, Албанија во минатиот месец потроши 35 милиони евра за увоз на струја, Бугарија е во најдобра положба бидејќи низ нејзина територија поминуваат сите клучни гасоводи и нафтоводи, Грција „игра" со сите, само Македонија очајно сака да фати приклучок со соседите. Досега тоа тешко ѝ оди од рака на Владата. Најтешката зима е пред прагот, но земјава премногу доцни со подготовките за да се преброди енергетската криза. Додека другите држави беа „мравките" што навреме се подготвија за зимата, се чини Македонија е „штурецот" што ќе смрзне за некој месец. Дали е, сепак, во „5 до 12" веројатен спасот за да може мирно и без некои поголеми потреси да излеземе неповредени од бурата што надоаѓа?

## ЗОШТО СМЕ НЕПОДГОТВЕНИ?

За да ја преброди Македонија најтешката зима по Втората светска војна, неопходно е државните електрани да работат „турбо“ и на максимум. По неколку години континуирани намалувања на домашното производство, оваа година мора да се запне и да се одработи конечно како што треба. По подолг застој, тоа е навистина тешко изводливо. Доволен податок е оној дека во деведесеттите години, па сè некаде до 2000 година, земјава целосно ги задоволувала потребите за струја од домашно производство. Со текот на времето, старите капацитети не се обновувале, не се поправале, не се доградувале. Сето тоа, заедно со неодговорниот однос на сите влади придонесе вкупното производство од термоцентралите и од хидроцентралите значително да се намали. Или поточно, да се преполови. Во 2010 година, државните капацитети произвеле речиси 6.500 гигават часа струја. Тоа е воедно и најдобра година, односно тогаш се произвело најмногу струја од домашни извори. Производството почнува да опаѓа од 2012 година наваму, кога се држи на некое ниво од над 5.000 гигават-часа. Потоа продолжува да опаѓа до 4.000 гигават-часа до 2019 година, а лани го достигна минимумот од 3.263 гигават-часа струја. Истовремено, увозот постојано се зголемува, па на годишно ниво во просек увезуваме 30 % од вкупните потреби за електрична енергија.

Во вакви услови, за да не се зголеми цената на струјата по Нова година, од Регулаторната комисија за енергетика предупредија дека државните електрани едноставно мора да произведат точно 4.000 гигават-часа и ништо помалку. Ако планот потфрли, граѓаните ќе имаат повисоки сметки, а можни се и рестрикции на струјата по примерот на другите држави. Претседателот на РКЕ, Марко Бислимовски, е против планот на Владата на регулираниот пазар да се стават производните капацитети, училиштата и јавните претпријатија. Вели тоа ќе направи притисок врз крајната цена за домаќинствата.

„Регулаторната комисија за енергетика определува цена и нема да може да ги следи случувањата на пазарот. Ако се прави тоа преку „ЕСМ Продажба“, ЕСМ може на месечно ниво да ја коригира цената што ќе ја понуди имајќи ги предвид најавите на Европската комисија дека ќе се воведе лимит на цената на електричната енергија на берзите од компаниите што не се на природен гас. Тогаш имаме „вин-вин“ ситуација: се обезбедува поголема флексибилност, поголема заработка кај ЕСМ и нема притисок врз цената на домаќинствата заради маржата“, рече Бислимовски

Засега АД ЕСМ го остварува планот за производство, но само еден испад или колапс на само еден блок во РЕК Битола би можело да ја влоши состојбата. И покрај тоа што менаџментот на ЕСМ и на РЕК ги направија сите потребни подготовки, факт е дека капацитетот е премногу стар и дека никогаш истовремено и континуирано не работеле сите три блока без притоа да се случат дефекти.

Изгледа страшно, но е вистинито. Користењето



**РЕК Битола.**
*Извор: АД ЕСМ*

туѓа механизација за ископ на јаглен, неработењето на ТЕЦ Неготино поради неисплатливост, слабите инвестиции во капацитети за производство на струја од ветер и од сонце си го направија своето. Додека другите држави навреме вложуваа во таканаречена „зелена енергија", односно енергија добиена од обновливи извори, ние како да спиевме. Дури во последнава деценија се случи изградбата на Ветерниот парк „Богданци", делумната пренамена на ТЕЦ Осломеј, односно изградбата на фотоволтаична централа на дел од нејзината територија, како и давањето десетици дозволи за изградба на мали хидроцентрали. Тоа ни оддалеку не е доволно. Мегапроектот „Чебрен" допрва чека на реализација по повеќе од 30 години, бројни физибилити-студии, над десетина неуспешни тендери и одвојувањето од „Галиште" како проект за кој се утврди дека поради нискиот водостој е неисплатлив за потенцијалните инвеститори. Според најповолното сценарио, оваа електрана треба да произведува над 1.000 гигават-часа струја годишно, што е речиси колку сите други хидроцентрали заедно. Се проценува дека изградбата ќе чини меѓу 600 и 800 милиони евра. Македонија во моментов користи само една четвртина од хидропотенцијалот за производство на струја.

Експертите негодуваа поради незаинтересираноста на владите за нови инвестиции во енергетскиот сектор. На фалбите дека како никогаш досега се вложува во енергија од обновливи извори, тие велат дека процентот на струја добиена на ваков начин е на ниво на статистичка грешка и дека недостигаат инвестиции во крупни енергетски проекти што ќе го „понесат" производството на струја во земјава кога ќе се исцрпат изворите во РЕК Битола и ТЕЦ Осломеј. Критикуваа дека земјава не нашла начин да вложи во преадаптација на ТЕЦ Неготино, која од мазут треба да почне да работи на гас, да се изградат уште неколку гасни електрани на територијата на Македонија, првенствено во Штип и во полошкиот регион. Константин Димитров од Македонскиот центар за енергетска ефикасност и добар познавач на состојбите во енергетиката, со години инсистира на вакви проекти, наместо, според него, одлуката на Владата да вложи во гасна централа и во терминал на грчка територија.

„Изградбата на гасни електрани што може да се завршат за релативно краток период, отворање на рудникот за јаглен Живојно и одржување на РЕК Битола за да може да работи барем до 2030 година, со што ќе се добие време за изградба на хидроелектранаата Чебрен, а во меѓувреме инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, тоа треба да го направиме. Навреме да мислевме, досега можевме да изградиме барем една 100-мегаватна гасна централа за 100 милиони евра", вели Димитров.

**ТЕЦ Осломеј.**
*Извор: АД ЕСМ*



# ПОХОД ПО ЕНЕРГЕНСИ БЕЗ ЕПИЛОГ



**Ковачевски договори јаглен и мазут од Грција.**
*Извор: Макфакс*

На стартот на летото, кога сите други држави се подготвуваа добро да ја дочекаат зимата и ги полнеа резервите со нафта, гас, јаглен, мазут и друго, надлежните во Македонија смируваа, уверуваа дека проблеми ќе нема и се надеваа дека цените на енергенсите ќе одат надолу. Откако стана јасно дека војната во Украина се разгорува и дека веројатно нема да заврши во догледна иднина, буквално во „5 до 12" економскиот тим на Владата се растрча во потрага по поволни енергенси. Подолгорочен договор се постигна единствено со Грција за набавка на јаглен и на мазут за следнава сезона. Со Србија и со Бугарија се договори да не се затворат прекуграничните капацитети, односно во случај некоја држава забрани извоз поради недостиг од енергенси и од струја, на пример на гас, тоа да не важи за Македонија. Сето друго засега остана без видлив ефект. Премиерот и министрите не договорија размена со Србија – да ни продаваат поевтин гас (за 3 до 4 пати поевтино) за потребите на ТЕ-ТО, а потоа ние да им продаваме струја. Иако ова беше помпезно најавено на официјална владина прес-конференција на енергетскиот советник во Владата, овој план едноставно не можеше да се реализира. Србија купува руски гас од Газпром, а од компанијата нема „зелено светло" за таков потфат. Договор со Бугарија исто така нема. Освен проширувањето на капацитетот на гасоводот во Бугарија, меѓу другото и за македонските потреби од гас, друг бенефит нема. Владата беше на разговори за да договори со бугарските власти од оваа држава да купува поевтина струја за стопанството, но во меѓувреме цената на електричната енергија на светските берзи падна. Дополнително, Бугарија нема формирано влада, што значи, едноставно нема со кој да се склучи договор. Во потрага за евтин гас, владиниот економски тим отпатува дури до Турција. Требаше да се договорат евтини количини природен гас од Азербејџан, Катар или од други извори. Се преговараше со најголемата турска компанија за снабдување и трговија со гас „Боташ", но според македонските власти, понудата од Турците не била поволна, односно понудената цена била превисока.

**Пропаднаа преговорите со турски „Боташ".**
*Извор: botas.gov.tr*



## БОРБАТА ЗА ЕНЕРГЕНСИ – ТРКА ЗА ПОЛИТИЧКИ ПОЕНИ

Во „спринтот“ по енергенси, обид политички да поентира направи и опозицијата. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, инаку своевремено директор на АД ЕЛЕМ (сегашно АД ЕСМ) му понуди на премиерот Димитар Ковачевски контакти од странски компании што биле подготвени да ја снабдат Македонија со евтини енергенси (гас и мазут). Се пофали дека понудите би биле неколкукратно пониски. По неколкунеделните препукувања дали да има средба меѓу двајцата партиски лидери, тие конечно се сретнаа. Мицкоски тврдеше дека понудите се и повеќе од добри – меѓу 750 и 1.000 евра за 1.000 нормални кубни метри гас. Тоа е за најмалку двапати поевтино од гасот што Владата го купи од Макпетрол за потребите на топланите за втората половина од октомври. Од Владата тврдеа дека швајцарската фирма ПГО предложена од Мицкоски воопшто не доставила понуда, тој пак обвинуваше дека АД ЕСМ била неажурна компанија.

„Во Европа, начинот на кој се тргува со ,commodities', тие така ги нарекуваат, односно со гасот, нафтата, мазутот, струјата итн., е предмет на еден договор што ние што сме се занимавале со таа работа го викаме „ЕФЕТ-договор“. И тоа го потпишуваат секаде во Европа компаниите што се занимаваат со оваа проблематика. Според тоа што е договорено на таа средба, уште минатиот викенд, поточно, да бидам попрецизен, на 8 октомври, или 9 октомври, пардон, тој договор требаше да биде испратен до АД ЕСМ, што било направено (од фирмата предложена од Мицкоски). А од АД ЕСМ требало потпишан, тој рамковен договор, да го вратат на 9 октомври, што не го направиле. Односно на 10 октомври, следниот ден, се извинувам, што беше понеделник. Ајде, имаме разбирање бидејќи 11 октомври беше неработен ден. Дванаесетти помина, а потоа на 13 октомври им била пратена писмена комуникација од страна на АД ЕСМ до компанијата, до позицијата, дека е потребно тие да го потпишат тој рамковен договор и да го пратат до АД ЕСМ, за да можел Надзорниот одбор на АД ЕСМ да даде зелено светло, да може директорот на компанијата да го потпише. Компанијата тоа го направила, според моите информации, денеска истиот тој договор е доставен до АД ЕСМ и го повикувам АД ЕСМ и тој што погрешно брифирал, истиот тој договор, ако навистина има чесни намери, да го потпише, да го врати назад и на граѓаните на Македонија да им заштеди неколку стотици милиони евра“, рече Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Препукувањата продолжуваат и за набавката на мазут. ЕСМ треба да објави оглас за мазут за периодот од декември до крајот на грејната сезона. Владата за оваа исконтактирана фирма од Мицкоски тврди дека не доставила ниту договор за соработка. Мицкоски тврди дека понуда од компанијата ќе има. Претставниците веќе имале средба во Министерството за економија и планирале да понудат конкурентни цени со кои би се заштеделе над 12 милиони евра за набавка на мазут.

„Претставник на компанијата што во овој момент ја снабдува Македонија со мазут ги контактирал луѓето што се позиција и од нив побарал понуда за 150 илјади тони мазут. Цената што ја добиле, можам – бидејќи добив авторизација – да ја кажам, е на кое било пристаниште во околината, дали е тоа Волос, дали е тоа Солун, Драч или Варна, е берзанска цена минус 40 евра по тон. Што би значело, во моментов, заштеда од најмалку од 80 до 90 евра по тон од таа што државата ја плаќа, или на 150 илјади тони, тоа е нешто повеќе од 12 милиони евра. Официјалната понуда, колку што јас знам, ќе биде добиена утре. Од тој момент па натаму, останува на бриферот, на оние лажни вести, да одлучи како понатаму. Дали ќе продолжат да крадат или пак ќе заштедат десетици, па би рекол и стотици милиони евра на граѓаните на Македонија“, вели Мицкоски.

## НЕМА ГАС ЗА НОЕМВРИ

Гас за производство на топлинска енергија беше купен само за две недели (втората половина од октомври). На само неколку дена до ноември, нема договор со која било фирма за набавка на гас. АД ЕСМ најави дека дури по 23 октомври ќе ги отвори пристигнатите понуди. Која цена за гас ќе ја добијат скопјани и дали ќе значи поскапување на парното греење во главниот град, никој не знае. Ниту пак се знае дали ќе се набават количини само за еден месец или за 6 месеци, до крајот на грејната сезона.

## ПОЧНА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА

Грејната сезона започна нормално на 15 октомври. Теоретски таа можеше да стартува и некој ден порано, но временските услови беа поволни, па за такво нешто немаше потреба. Сепак, граѓаните останаа револтирани. Парно имаа само во утринските часови, од 6 до по 10 часот. Од ЕСМ се правдаа дека такви биле правилата.

„Овој период, до 15 ноември, кога надворешните температури, а особено атмосферските услови, ветер, облаци, сонце или дожд, многу се менуваат во текот на денот, дневен прекин се прави во период кога надворешната температура при сончево и ведро време ќе достигне 11 степени. Тогаш започнува прекинот на производство на топлинска енергија. Потрошувачите сè уште добиваат топлинска енергија, онаа што е веќе испорачана од топланите во мрежа, а која им ја овозможуваме со уште најмалку 1 час циркулација на пумпите. Ако е времето врнежливо или има облаци, таа граница е 14 степени", истакна Александра Маројевиќ, помошник директор за топлинска енергија во АД ЕСМ.

Проблем настана и поради промената на закупецот на скопските топлани, односно откако државната АД ЕСМ ја замени БЕГ. Граѓаните сега треба да склучат нови договори со новиот снабдувач. Метеж се направи пред пунктовите, сè додека од компанијата не решија дека можат и по електронски пат и по пошта да им ги достават новите договори и граѓаните да им ги вратат потпишани.

Во меѓувреме, 500 приклучени на топланата „Скопје север" останаа без греење. Компанијата во стечај се снајде да ги стопли цевките само за неколку дена, но пари за поголема набавка на енергенс за парно греење едноставно нема. Од АД ЕСМ се понудија да помогнат, но само ако ги исплатела фирмата старите долгови во износ од над 425 илјади евра. До такво нешто сè уште не дојде, па 500 приклучени на централно парно греење во Бутел, Чаир и во Топаана имаат студени домови.

На крај, може да се заклучи дека во „5 до 12" властите се само делумно подготвени за претстојната зима. Енергетските гиганти што се одамна дотраени, не се знае дали ќе издржат да работат со вкупниот производствен капацитет уште најмалку 6 месеци, а парното греење во Скопје останува под знак прашалник. Додека властите упорно смируваат дека ќе нема проблеми, во европските држави разни категории работници на големо штрајкуваат поради скапите енергенси и високата инфлација, а тамошните власти ги преполнуваат капацитетите на максимум, односно се подготвуваат за најцрното сценарио.



**Стара и дотраена опрема.**
*Извор: АД ЕСМ*



Александар Стојкоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров.

# ИНТЕРВЈУ СО АЛЕКСАНДАР СТОЈКОСКИ,

## градоначалник на Општина Ѓорче Петров

**„Со домаќинска и планска работа, значително го стабилизиравме буџетот и во голем процент ги затвораме долговите што ги наследивме. Касата не е имуна воопшто на кризата, бидејќи плаќаме високи сметки за струја во моментов. Но, веќе активно преземаме мерки со кои гледаме да се амортизира ударот од енергетската криза“, вели градоначалникот на Ѓорче Петров, Александар Стојкоски, во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Се жали на тешката соработка со власта, но може да се пофали со голем број проекти успешно завршени за време на своето управување со општината.**

"

# ШТЕДИМЕ НА СТРУЈА ЗА ДА ГИ НАМАЛИМЕ ТРОШОЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА

**Доктор радиолог, хуманист, поранешен пратеник, претседател на Советот на општината Ѓорче Петров. Александар Стојкоски, веќе една година сте градоначалник на општината Ѓорче Петров. Велите дека се водите од принципите на својата професија: хуманост, неселективност и еднаков пристап кон проблемите на секој поединец. Успеавте ли од Ѓорче Петров да направите организирана и модерна урбана општина во која жителите водат достоинствен, пристоен и просперитетен живот?**

Дефинитивно – да. За мене секој жител е еднаков. При јавна работа каква што е оваа професија, важно е да имате неселективен пристап. Нашето мото е „модерно, урбано, хумано“. Така и постапуваме. Транспарентно и отчетно се залагавме и ќе се залагаме сите проекти да добијат својата рамка и завршница. Ги отворивме вратите на општината за сите граѓани. Достапни сме постојано, јас и мојата администрација, и неуморно работиме на решавање на проблемите на жителите на Ѓорче Петров. Целосно го сменивме пристапот. Домаќински се управува со буџетот. Со посветеност и со визија. Куќа се гради од темел, а не од покрив. И покрај сите пречки, предизвикот и волјата се мотивот што е главниот двигател. Новата животна улога беше голем предизвик, но влегов со волја да ги променам работите. Комуникацијата на терен со граѓаните, анализите на состојбите, нивните идеи и предлози се мое секојдневие. Уште во предизборната кампања порачав дека ќе работам чесно и според законските регулативи, како што сум правел отсекогаш во животот. Работам секојдневно од првиот ден од мојот мандат што ми го доверија граѓаните и веќе се познаваат позитивните исчекори во сите сфери. На ѓорчепетровци им се потребни проекти што ќе им го олеснат секојдневието – асфалтирани се улици во урбаниот и во руралниот дел, донесовме вода за пиење во Кучково, зеленило, нови детски катчиња и нова урбана опрема, подобри услови за образование, нови капацитети на градинките. За тоа дадов и ветување и стојам зад секој збор. На добар пат сме целосно да го модернизираме Ѓорче Петров.

**Во Вашата изборна програма ветивте модерно и современо образование, како и здрава животна средина низ целата општина Ѓорче Петров. Ги подобривте ли ефикасноста на услугите и квалитетот на живеење на граѓаните?**

Верувам дека ефикасноста е подобрена. Со оглед на тоа што со напорно темпо и преку



Александар Стојкоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров.

разни проекти особено се фокусиравме на подобрување на состојбите во образованието, уверен сум дека промените се на добар пат. Речиси целосно го реконструиравме ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“, го променивме покривот на салата во ООУ „Страшо Пинџур“, го доградивме училиштето „Тихомир Милошевски“ и во истиот образовен објект го сменивме системот на греење. Ова училиште по долги години конечно ќе биде загреано, а учениците наместо во три, веќе го посетуваат во две смени. Не запоставуваме ниту еден сегмент од образовната алка. Отворивме и сензорна соба во ООУ „Ѓорче Петров“, со најава за отворање на уште една во друг образовен објект. Ова се само дел од проектите што ги сработивме во изминатата година, а се однесуваат на создавање добри услови за настава. Исто така, набавивме и нова спортска опрема и реквизити во сите училишта и градинки. Нема веќе недостиг од опрема во воспитно-образовните институции. Како директни мерки за заштита на животната средина, би ги издвоил проектот „За поубаво Ѓорче“, проект за подигнување нови зелени површини, и секако оној за конечно затворање на депонијата во Ново Село и озеленување на таа површина. Секако дека се тука и тековни активности што се однесуваат на постојано озеленување на Ѓорче Петров, но и на одржување на постојното зеленило.

**Зошто е добро да се живее во општина Ѓорче Петров? Што ја прави оваа општина посебна, а кои се недостатоците?**

Самата местоположба на Ѓорче Петров е примамлива. Се наоѓаме меѓу две големи реки, опкружени со преубава природа, блиску до урбаното, а сепак далеку од градскиот метеж. Ѓорче Петров е едно од најубавите и најпосакуваните места за живеење од аспект на здрава животна средина, што е добра поволност за оние што живеат тука, но и оние што планираат да се доселат.

Во овој контекст, а во однос на инвестициите и на развојот, би сакал да истакнам неколку од позначајните поволности, а тоа се значително пониската комунална такса за изградба на нови производствени капацитети, брзи

постапки за издавање на потребната документација, добрата местоположба и блиската поврзаност со обиколницата, со што се овозможува брз транспорт и пристап. Во соработка со тимот од локален економски развој, им излегуваме пресрет на малите и на средните претпријатија во делот на подобра информираност за аплицирање за проекти. Потенцијалните инвеститори имаат можност да ги искористат средствата од грантови за развој на мали и на средни претпријатија од ЕУ-фондовите. Недостатоците, ако може така да ги наречеме, најчесто се однесуваат на нерешени урбанистички прашања, но и тоа полека го менуваме. Новиот тим во секторот урбанизам се ентузијасти и многу вредни работници, и верувам дека заеднички ќе успееме да ги сведеме тие недостатоци на минимум. Ѓорче Петров сѐ уште има рурален дел што се соочува со недостиг од одредени работи клучни за нормално движење или сообраќање. Но, и тоа го надминавме. Се фокусиравме на асфалтирање и на решавање на атмосферската мрежа на улиците во руралниот дел. Ете, на тоа напорно работиме. И фекалната мрежа ја подобруваме. Во изминатиот период реконструиравме над 25 улици во овој дел од Ѓорче Петров, со што покажавме дека ветувањата не се само празни зборови. Концептот „Ѓорче без кал“ полека се остварува. Граѓаните заслужуваат добар живот и чесна работа со визија и со енергија за големи работи.

**Потребни се проекти, но и инвестиции за нивна реализација. Како се финансира буџетската каса во моментот и колку е имуна на притисоците од економската криза, чиј удар набрзо ќе го почувствуваме и преку струјата во зимскиот период што следува?**

Буџетската каса во моментов е зависна од даноците на имот, приходи од легализацијата, надоместок за уредување градежно земјиште, кој е сведен на минимум, комунална такса за јавно осветлување и дотација за ДДВ. Тоа се во главно начините за обезбедување приходи. Но, сакам да истакнам дека со домаќинска и планска работа во изминатата година, значително го стабилизиравме буџетот и во голем процент ги затвораме долговите што ги наследивме. Касата не е имуна воопшто на кризата бидејќи плаќаме високи сметки за струја во моментов. Но, веќе активно преземаме мерки со кои гледаме да се амортизира ударот од енергетската криза, со акцент на одредени активности во поглед на штедење електрична енергија. Недомаќинското управување со локалната самоуправа во Ѓорче Петров е минато. Наметнавме тренд на динамична работа и на штедење. Ред мора да постои, а гласот добиен од народот мора да биде оправдан. И покрај стекнатата финансиска состојба од претходно раководство, успешно реализираме капитални чекори што се од значење за нашите сограѓани.

**Какви мерки преземавте Вие како градоначалник да се ублажи „ударот“ за граѓаните? Дали имате процена колку од жителите ги загреваат домовите на струја, со дрва? Колку од правните лица бараат помош во однос на сметките за електрична енергија, дали постои интерес кај граѓаните и кај фирмите за вложување во фотоволтаици и каква е процедурата?**

Она што е најважно во моментов е што обезбедивме комплетна проектна документација за модернизација на системот и на енергенсот за греење во училиштата. Во финална фаза на апликација сме во однос на модернизирање на системите за греење со инсталирање топлински пумпи и фотоволтаици на сите општински објекти, со што значително ќе се намалат сметките за енергија и ќе се овозможи нормално одржување на трошоците во текот на целата година. Обезбедувањето одржлив економски развој и конкурентни инвестициски можности, унапредувањето на квалитетот на живот, енергетската ефикасност, грижата за животната средина, инфраструктурното уредување и планирање, како и развојот на туризмот, се основни стратешки цели на Општина Ѓорче Петров. Во однос на



Александар Стојкоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров.

енергетската ефикасност, во 2019 година во соработка со „Хабитат Македонија“, изработен е регистар на станбени згради, во кој се внесени податоци и за типот на загревање на станбените единици. Од тој регистар е евидентно дека 95 отсто од жителите што живеат во згради, се загреваат на електрична енергија. Според постари податоци, околу 60 проценти од жителите што живеат во куќи како енергенс за загревање го користат огревното дрво.

**Каква е соработката со централната власт во однос на економската криза, но и за реализација на зацртаните проекти до крајот на оваа и на следната година?**

Искрено, не може да се пофалиме на добра соработка со централната власт. Поддршката од Владата што треба да се однесува на заеднички проекти или проекти што се реализираат во нашата општина е на ниско ниво. Тоа придонесе за закочување на процесите за завршување на доградбите на училиштата „Тихомир Милошевски“ и „Димитар Поп Георгиев Беровски“ (подрачно), кои се под директни ингеренции на министерството за образование, и на градинката „Сонце“ во Волково, која е проект на Министерството за труд и социјална политика, но е на наша територија, и во која учествуваме и ние со одредени средства. Токму ненавременото обезбедување согласности за вработување кадар во оваа градинка придонесе на подолг рок да се одложи отворањето на овој објект. Но, општината беше упорна да обезбеди зголемување на капацитетите на градинките. За таа намена, со наши средства обезбедивме воспитно-образовен кадар во објектот „Детелинка“ на градинката „Росица“, каде што ги проширивме капацитетите за 100 нови дечиња. Иако и тука имавме кочница, со максимални финансиски напори им излеговме пресрет на родителите. Ако се подобри комуникацијата, уверен сум дека ќе се зголеми и бројот на завршени капитални проекти во Општина Ѓорче Петров.

**Последен реализиран проект е водоснабдување на Кучково, со што е решен еден децениски проблем. Велите дека следен чекор е приклучок кон**

**главниот цевковод. Кога ќе се затвори целосно овој проект?**

Со гордост можам да кажам дека е конечно затворен овој горлив децениски проблем на жителите на Кучково. Веќе е ископан бунар од кој добиваме 4,8 литри во секунда, што е двојно повеќе од потребите на селото. Со засилена динамика работиме на целосна реализација на проектот и очекувам наскоро вклучување на цевководот. Генерално, помагаме ова место да се развие во туристичка локација, со што ќе помогнеме за подигнување на економскиот статус на жителите. Со уредувањето на локалитетот „Крст", новата велосипедска и пешачка патека, како и новата урбана опрема, Кучково станува вистинска атракција за скопјани. Така се работи, со дела.

**Најавивте дека Ѓорче Петров е првата општина во Скопје што ќе добие мегапарк. До каде е реализацијата на овој проект?**

Реализацијата на овој проект е во тек. Општина Ѓорче Петров добива парковна површина од 31.000 м2, која ќе изобилува со зеленило, уредени патеки, спортски и забавни содржини и осветлување. Ова е прв капитален проект што се реализира во општината од ваков тип. На место на поранешна депонија, ние подигнуваме зеленило. Ова беше еден од најгорливите проблеми на жителите на Ново Село и на околината, а локалната власт му даде приоритет уште во првите денови од мандатот. Верувам во Советот и во мојот тим. Она што следува ќе биде круна на сработеното.

**Како се справувате со дивите депонии? Зошто е свеста на граѓаните на толку ниско ниво, се фрла отпад на неозначени локации?**

Затоа што веројатно недостигаат засилени парични казни и построга законска регулатива. За жал, без тоа, граѓаните се сè помалку дисциплинирани во однос на дивото депонирање или фрлање отпад на неозначени локации. Со сите ресурси  и со цела механизација со која располагаме се трудиме да постигнеме навремено чистење на означените и на неозначените места. Постојано апелираме за подигнување на свеста на граѓаните, но малку тешко ни оди со зборови. Се обидуваме да бидеме трпеливи и да не „удриме" – што би се рекло народски – по џебот на граѓаните, но и тоа е една од опциите, доколку не се подобрат состојбите. Не знам што е причината за несовесното одлагање отпад и не сакам да верувам дека се тие чекори мотивирани од нешто, но повторно би сакал да апелирам да бидеме внимателни во овој дел, затоа што чистата животна средина за сите нас значи живеење во здрава околина.

**Иако сте посветен градоначалник, Вие сте семеен човек, татко на две деца. Колку оваа функција дозволува време за вашето семејство. Вие сте и љубител на спортот, планинарењето и велосипедизмот, останува ли слободно време и за себе?**

Сè повеќе се зголемуваат обврските, а сè помалку е времето за семејството. Но, секој слободен миг го користам да го поминам со него. Без нивното разбирање за мојата позиција, работите нема да се движат лесно. Оваа функција е многу одговорна и напорна и не ми дозволува често да спортувам како порано, но и тука сум упорен. Наоѓам моменти и за тоа, и тоа најчесто го правам со моите вработени. Веќе организиравме неколку пешачки тури. И тие, како и јас, го обожаваат спортот, и мило ми е што заеднички реализираме такви чекори. Го користиме времето за развој на здрави навики, но и да поразговараме во однос на работата, иако сме во слободно време. Моја пасија се трчањето и планинарењето. Тоа е честа борба сам со себе. Да се надминеме себеси и да бидеме подобри личности од претходниот ден е најважното нешто, без разлика дали во умствената или во физичката подготвеност. За секој подвиг не е доволна само желбата. Важна е вербата во себе и поставувањето високи цели. Само така се постигнуваат резултати што ги надминуваат очекувањата.

# КОКИНО – ДОКАЗ ЗА ИСКЛУЧИТЕЛНОТО ПОЗНАВАЊЕ НА АСТРОНОМИЈАТА НА НАШИТЕ ПРЕТЦИ



Ретко кој знае дека древната мегалитска опсерваторија Кокино заедно со локалитетот Цоцев Камен, кратовско, е едно од местата на Балканот што се доказ дека нашите претци од овој регион уште одамна ги познавале тајните на небото. Несомнено, по своето значење Кокино се издвојува од другите. Од откривањето пред 20 години, бројните археолошки експедиции дојдоа до откритија дека овој локалитет служел не само како мегалитска опсерваторија, туку и како светилиште посветено на култот кон Големата Мајка и кон Богот на Сонцето.





## КАКО Е ОТКРИЕНО ЗНАЧЕЊЕТО НА КОКИНО?

Пред точно 21 година, во пошироката јавност осамна веста дека некаде во кумановско постои место од исклучително значење, кое може да ги одгатне знаењата на древните народи на овие подрачја. Кокино беше откриено случајно од македонски археолози, за времетраење на сосема поинакво археолошко ископување, во близина на селото Стрновац, по што следуваа археолошки операции на Музејот на Куманово. Археолозите и астрономите открија дека се работи за древна мегалитска опсерваторија, создадена под влијание на природните сили. Сместена на неовулкански рид, на надморска височина од 1030 м, со должина од околу 90 м и ширина од 50 м, под планинскиот врв Татиќев Камен, во атарот на селото Кокино, кумановско, се наоѓа локалитетот што претставува културно наследство од исклучително значење, единствено од ваков вид во Македонија. Локалитетот се состои од повеќе шилести карпи создадени со стврднување на истечена лава од активен вулкански кратер, каде што се создале процепи. Утврдено е дека староста на Кокино е 4 илјади години, односно дека датира од 1800 година п.н.е, односно од раното бронзено време.

Сега веќе починатиот Ѓоре Ценев, физичар што целиот својот работен век ѝ го посвети на астрономијата и кој заедно со кумановскиот Музеј (екипа предводена од Јовица Станковски) ја објави „Археоастрономска анализа на мегалитската опсерваторија Кокино и другите локалитети во Република Македонија“, се смета дека ги одгатна тајните на Кокино. Тој докажа постоење на древна астрономска опсерваторија во која бил изработуван лунарен календар. Истражувањата презентирани пред научниот свет доведоа до тоа неколку години подоцна вселенската агенција НАСА да го стави локалитетот „Кокино“ на четврто место на листата на најстарите опсерватории во светот, веднаш по познатите опсерватории на локалитетите Абу Симбел во Египет, Стоунхенџ во Велика Британија и Ангкор Ват од Камбоџа. Денеска „Кокино“ како една од најпознатите древни опсерватории во светот, привлекува голем број туристи.

**Кокино.**
*Извор: Kokino Makedonien Sternenwarte*



# КОКИНО КАКО МЕГАЛИТСКА ОПСЕРВАТОРИЈА

Еден од најинтересните денови за посета на Кокино е првиот ден од летото или најдолгиот ден во годината, кој на локалитетот традиционално се одбележува со пречекување на изгрејсонцето. Тогаш таму се собираат вљубеници во природата, кои уживаат во убавините, а во рани зори го пречекуваат Сонцето да помине низ маркерот на праисториското обележје изградено во бронзеното доба. Оваа традиција е присутна веќе 20-тина години, уште од откривањето на опсерваторијата.

Времето и ерозијата на Кокино направиле процепи и дел од тие процепи биле главните маркери низ кои се следеле циклусите на Сонцето и Месечината и се мерело времето. Седумте камени маркери во минатото ги означувале местата за изгревање на Сонцето и на Месечината. И тоа во периодите на кусодневица, рамнодневица и долгодневица, како и нивните отклони. Сонцето, всушност, само на рамнодневиците – на 21 март и на 21 септември – изгрева точно на исток и заоѓа точно на запад. Потоа, постепено има отклонување кое изнесува до 45 степени.

Набљудувањето на движењето на небеските тела помагало да се прават календари, кои служеле за организирање на земјоделските и н на сточарските активности, како и за одредување на деновите за изведување на ритуалните племенски обреди врзани со култот на плодноста, на светиот брак меѓу Мајката Земја и Сонцето. Местата на изгревање што се опфаќаат со природните маркери на мегалитните стени во Кокино укажуваат дека изгревањата на исто место на Сонцето се повторуваат на 18,6 години. Тоа значи дека праисториските жители правеле лунарен календар со циклус од 19 години, што е врвно цивилизациско остварување. Опсерваторијата е сместена на две скалести платформи од кои се следеле планетите. Најновите астрономски истражувања покажале дека од ова место освен позициите на Сонцето и на Месечината, биле набљудувани и ѕвездата Алдебаран и групата Плејади. Постојат индикации дека од Кокино можеле да се предвидат сончевите и месечевите затемнувања. Се смета дека опсерваторијата била во употреба над 1200 години.




Мапа на Кокино.

## КОКИНО КАКО СВЕТИЛИШТЕ

Со оглед на тоа што на Кокино не биле пронајдени основи на куќи и слично, археолозите се прашувале дали е ова наоѓалиште поинакво од другите. Археологот Јовица Станковски од кумановскиот музеј претпоставил дека карпестиот рид над селото Кокино претставувал светилиште, односно света планина или свет врв. Светилиштето веројатно било со регионален карактер, можеби и култен центар, со извонредна видливост во радиус од околу 30 км. Ова откритие силно одекнало во балканските археолошки кругови, пред сè, поради фактот што дотогаш, сосема малку се знаело за верувањата на луѓето од бронзеното време на овие простори.

Извршените испитувања и пронајдените артефакти (керамички чинии, амфороидни садови, камени секири) покажале дека Кокино има карактеристика на светилиште во кое се вршеле разни ритуални обреди. Целиот простор бил опкружен со ѕид широк 1,20 метри, чија функција била да се обележи светото место, како и да се оддели од другиот простор каде што не се вршеле обредни церемонии.

Истражувањата во археологијата во последните неколку години открија траги од населба од железното време (7 век п.н.е.), подигната на јужната падина на ридот. Пронајдени се и рачни мелници за житарки, пирамидални тегови, прешлени за вретена, калапи за лиење на бронзени предмети, камени секири и др. Во малите процепи биле ставани и мали керамички фигурини, кои најчесто претставувале делови од човечко тело и од тела на домашни животни. На локалитетот се пронајдени околу 100 обредни јами.

Археоастрономите веруваат дека главната улога на т.н. тронови на Кокино била да се извршат ритуали на поврзување на Богот Сонце со неговиот претставник поврзан на земјата. Еден од троновите има посебен маркер исечен на врвот и е поставен на највисоката точка на локацијата. Ова е местото каде што се мисли дека седел владетелот. Маркерот на престолот бил исечен со голема прецизност за да се обезбеди дека во ритуалните денови сончевите зраци ќе поминуваат токму таму каде што седи најмоќниот член на заедницата. Многу е веројатно дека таквите церемонии се совпаѓале со крајот на жетвата, обезбедувајќи мир и просперитет за годината што доаѓа. Дваесет рачни брусилки пронајдени во основата на ритуалниот знак ја поддржуваат оваа теорија.

## КОКИНО КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

Откако пред 17 години, НАСА го издвои Кокино како 4. најстара светска опсерваторија и прва на Балканот, очекувано заинтересираноста на туристите да го зацртаат локалитетот на својата мапа на посети се зголеми. Се чини државата не беше подготвена за ненадејниот интерес. И покрај тоа што владите и локалната власт во Куманово вложија значителни средства во дополнителни истражувања и туристичко збогатување на околината, тоа се само почетни чекори за она што има огромен потенцијал за туризам во североисточниот дел од земјата.

Да почнеме од почеток. Патот до Кокино. За некој што не поседува возило, автобускиот превоз до Кокино би можел да биде вистински предизвик. Автобуските линии од Куманово до Кокино се навистина ретки, ги има само неколку во текот на денот. Патот е тесен и стигнува до место каде што може да се паркира, по што посетителот треба да пешачи односно да се искачи до локалитетот. Капацитетот на т.н. паркинг дефинитивно не е доволен. Ако се следат препораките, пред сè на странските туристи, сите коментираат дека локалитетот е прекрасен, но дека е навистина неопходно да се направат повеќе инвестиции за доуредување на околината на локалитетот.

„Има малку информации на информативната

табла во подножјето на ридот, а јажињата што ги обиколуваа ,троновите' се тргнати за да се спречи оштетување? Нема логика!"

„Патот до Кокино е малку напорен и не е толку добар, затоа погрижете се да имате мапа или GPS или нешто со себе за секој случај. Исто така, кога ќе пристигнете таму со автомобил, има место за паркирање, па можете лесно и безбедно да го паркирате автомобилот. Сосема вреди да се посети!"

„Лошата вест е дека дестинацијата е тешко да се најде. Патната сигнализација не е најдобра, а локацијата е далеку од населена област. Кокино го најдовме со помош на локалните жители. Таму можевме да најдеме само еден вандализиран знак што го објаснува значењето на локацијата, па моравме да ги спoиме деловите од знакот за да го прочитаме. Патеката е означена со дрвени столпчиња, а се споменуваат и четири области срамнети со земја од градителите, но ништо не е јасно обележано. Изгубено е исклучително многу од образовната вредност на локалитетот."

Ова се само дел од коментарите на посетителите на интернет-страницата „Trip Advisor".

На прсти се бројат туристичките агенции што нудат организирани тури до Кокино и околината. Центарот за научни истражувања и промовија на културата „Хаемус" е еден позитивен пример што обезбедува вистинско доживување на Кокино, како за возрасните, така и за децата. Центарот повремено организира авантуристички тури за најмладите, во кои тие преку разни „клучеви" и одгатнување загатки треба да го најдат скриеното богатство на локацијата, па така преку игра и да научат за значењето на Кокино.

Регуларните туристички агенции го нудат Кокино како дел од кружните тури за странските туристи, додека за домашните повремено има еднодневни екскурзии. Македонските граѓани најчесто самоиницијативно го посетуваат локалитетот во своја сопствена режија и превоз. Исто така, и покрај напорите да се едуцира кадарот, на прсти се бројат туристичките водичи што знаат доволно за да го презентираат Кокино детално на вистинскиот начин. Ова е многу важно, бидејќи ако некој сам појде на дестинацијата, може да се изгуби во мноштвото камени структури без притоа да знае што всушност гледа и што значи тоа.

## КОКИНО – КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Ретко кој знае дека во североисточниот дел од Македонија не е само Кокино дестинацијата што главно служела за набљудување на небото и за организирање свети ритуали за жртвување, односно славење на култот на Големата Мајка и на Богот на сонцето. Интензивните теренски анализи резултирале со откривање мрежа од 10 светилишта на планинските врвови во кумановско-кратовскиот регион, покрај реките Пчиња и Крива Река, кои се материјални докази дека пред 40 века на тие простори имало организиран живот. Светилиштата кои служеле како помошни околу Кокино ги вбројуваат Враница, Вујевска Карпа, Зебрњак и Ругинце, кои се наоѓаат во општината Старо Нагоричане, Јеленец на територијата на Куманово, Цаница и Бигљан во општина Кратово, светилиштето наречено Спас во општина Ранковце и Клепало во Крива Паланка. За локални светилишта се сметаат Брешко и Стрезовце во Старо Нагоричане, додека и Трескавец се води на составената листа како кандидат за регионално светилиште.

Астрономот Ценев, кој раководел со истражувањата на теренот во Североисточна Македонија, своевремено рекол дека цивилизацијата што го изградила Кокино постоела во 18, 19 и 20 век пред нашата ера. Тој сметал дека луѓето што го изградиле и кои ги користеле локалитетот и сите други светилишта, постоеле во тоа време и на оваа територија. Тој зборувал за т.н. Кокино-култура што го одликувала тој народ, а бидејќи немало други такви траги на Балканот, Македонија е прва на овие простори.

# ДУРБИН





## ФРАНЦИЈА ГИ ЗАБРАНУВА СВЕТЛЕЧКИТЕ РЕКЛАМИ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОБЛЕМИ СО СТРУЈА

Франција издаде забрана за користење на светлечки реклами во случај на „закана за безбедноста на снабдувањето со електрична енергија". Како дел од напорите за зачувување на енергијата поради стравувањата од недостиг од снабдување, францускoто Министерство за транзиција на животната средина издаде нова регулатива. Претходната регулатива, објавена на почетокот од октомври, предвидуваше целосна забрана за ноќно рекламирање од еден до шест часот наутро,  со исклучок на аеродромите, железничките станици или метро-станиците. Последната мерка се однесува на сите реклами, вклучително и оние на аеродромите, железничките станици и на станиците за јавен превоз, но без „загрозување на целите на јавната безбедност, националната одбрана и на безбедноста на клучните објекти". Тоа важи и за внатрешното рекламирање ако е видливо од улица.

**Франција издаде регулатива за забрана на сите светлечки реклами.**
*Извор: Pixabay Ilustracija*



# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ



## ГЕРМАНИЈА ГО КАЗНИ ТЕЛЕГРАМ СО НАД 5 МИЛИОНИ ЕВРА

Сојузното министерство за правда на Германија изрече две казни за апликацијата „Телеграм“, во вкупна вредност од 5,125 милиони евра, пренесува „Шпигел“.

Компанијата, која ја поседува апликацијата за пораки, беше обвинета за прекршување на обврската за „одржување канали за комуникација во согласност со законот“ (4,25 милиони евра казна), како и за одбивање да назначи овластен претставник во Германија (875 илјади евра казна).

Германскиот закон за програма за онлајн комуникации ги обврзува давателите на социјалните медиуми да обезбедат канали за повратни информации,  за корисниците да можат да пријават содржина што го прекршува националното законодавство. Дополнително, од платформите се бара да назначат овластено лице или институција со адреса за кореспонденција во Германија за да можат германските судови и власти да им достават правно обврзувачки документи.

Казните беа изречени затоа што од април 2021 година, германското Министерство за правда направи неколку неуспешни обиди да испрати правни документи до седиштето на компанијата во Дубаи. Во март годинава, Министерството ги објави во државниот весник, но ниту на тоа не се јави „Телеграм“. Матичната компанија може да ги обжали казните со поднесување жалба до германското Министерство за правда, во спротивно ќе мора да ги плати.

„Телеграм“ во Германија станува сè покритикувана апликација поради можноста за бесплатна дистрибуција на материјали со говор на омраза. Апликацијата главно се користи од скептици за коронавирусот, антиваксери, теоретичари на заговор и неонацисти.

Сепак, и покрај казните и заканите, Шпигел тврди дека „Телеграм“ и германските власти создале директен приватен канал за интеракција, преку кој апликацијата ѝ дава на германската полиција податоци за корисници што се сомнителни и кои би можеле да извршат криминал.

Извор: Dima Solomin






**Лафарж.**
*Извор ројтерс*

# ЗА ПРВ ПАТ КОМПАНИЈА ПРИЗНА ДЕКА ПОДДРЖУВАЛА ТЕРОРИСТИ

Компанијата Лафарж, сега под раководство на швајцарската групација Холцим, објави дека се согласила да плати казна од 778 милиони долари во САД и да ја признае вината за помагање на „терористичките“ организации во Сирија, вклучително и Исламската држава, во 2013 и во 2014 г.

Француската компанија за производство на цемент ја прифати „одговорноста за постапките на поединци, чие однесување беше флагрантно кршење на кодексот на однесување“, рече Лафарж, изразувајќи длабоко жалење за фактите.

Компанијата е обвинета и во Франција за „соучесништво во злосторства против човештвото“ во врска со нејзините активности во Сирија.

Компанијата беше осомничена дека во 2013 и 2014 година преку својата сириска подружница им платила неколку милиони евра на терористички групи, вклучително и на групата Исламска држава (ИД), како и на посредници, за да ја задржи фабриката за цемент во Сирија. Истрагата проценила дека само исплатите на Исламската држава би можеле да достигнат меѓу 4,8 и 10 милиони евра.



# НАЈСМРТОНОСНА ВАРИЈАНТА НА КОРОНА: АМЕРИКАНСКИТЕ НАУЧНИЦИ СОЗДАДОА ХИБРИДНА ВАРИЈАНТА НА ВИРУСОТ КОРОНА СО 80% СМРТНОСТ

Истражувачите од Националната лабораторија за заразни болести на Универзитетот во Бостон создадоа нов вид на Ковид-19, кој има 80% смртност кај тестовите на глувци, пишува британскиот весник Дејли меил.

Тимот создаде хибриден вирус кој ги комбинира Омикрон и оригиналниот вид од кинескиот град Вухан. Експериментите на глувци што ги спроведоа научниците покажаа стапка на смртност од 80%. Во исто време, кај групата глодари што беа заразени со вообичаениот Омикрон не умре ниту еден глушец. Работата на американските научници предизвика критики во меѓународните научни

# ВАКЦИНА ПРОТИВ РАК ДО 2030 ГОДИНА?



**Угун Шахин и Озлем Туречи.**
*Извор: Felix SchmittAgentur Focus*

Основачите на Бионтек и главните креатори на вакцината против вирусот Корона на Фајзер, Угур Шахин и Озлем Туречи, велат дека вакцината против рак може да биде достапна до 2030 година.

Иако научниците се несигурни за употребата на терминот „лек", вакцината за рак во развој би можела да има потенцијал значително да ги третира и да се бори против клетките на ракот, пренесува Скајњуз.

Професорот Угур Шахин и Озлем Туречи пронајдоа нови начини за лекување на ракот, што го припишуваат на нивната претходна работа на вакцината против ковидот.

Тимот, кој успешно помогна во развојот на вакцината за Фајзер, рече дека нивниот напредок за време на пандемијата во користењето на технологијата mRNA е враќање на работата за рак. Додека типичната вакцина содржи мал дел од вирусот што се користи за имунизација, mRNA конкретно го користи само генетскиот код на вирусот.

„Она што го развивавме со децении за напредокот на вакцината против ракот беше ветар во грб за развој на вакцината против Ковид-19, а сега таа, како и нашето искуство во нејзиниот развој, се враќаат на нашата работа во борбата против ракот", рече Туречи.



кругови, нагласува весникот. Истражувачите од Израел, Обединетото Кралство и САД истакнаа дека „таквите експерименти си играат со оган" бидејќи „тие би можеле да предизвикаат друга пандемија". Според нивната проценка, „модификациите насочени кон зајакнување на вирусите се неприфатливи", тие „мора да бидат забранети" на законско ниво.

Весникот наведува дека активноста на менување на структурата на вирусите за подобрување на нивните карактеристики била забранета во САД од 2014 до 2017 година, но оттогаш ограничувањата постепено се укинати. Како оправдување за ваквите експерименти, американските власти укажаа на потребата „проактивно да се предвидат можни нови епидемии на инфекција". Покрај лабораторијата во Бостон, слична работа се врши и во 13 други истражувачки центри во САД, пишува весникот.



*Извор: Getty Images*



Евгенија Емералд.
*Извор: Инсшаграм*



# МАЈКА И НЕКОГАШ УСПЕШНА ПРЕТПРИЕМАЧКА, СЕГА СНАЈПЕРИСТКА: „НАМЕСТО КУКЛИ, ТАТКО МИ МИ ДАДЕ ОРУЖЈЕ“

Бројот на жени во украинската армија секојдневно расте, моментално ги има повеќе од 40.000. Евгенија Емералд (31) е снајперистка на полкот на специјалните сили на НПУ „Сафари“ и единствената жена во машкиот тим. Евгенија до 24 февруари беше успешен претприемач на накит. По руската инвазија, таа ниту за момент не се посомневала во својот избор, бидејќи уште додека студирала на воениот оддел, самоуверено изјавила дека ќе ја брани својата земја во случај на војна. Нејзината 10-годишна ќерка е горда на својата мајка и ја смета за суперхерој, пишува украинскиот Ел.

Мојот покоен татко постојано се подготвуваше за војна, цел живот веруваше дека ќе има војна со Русија, цело време купуваше храна која долго време не се расипуваше, тој имаше голема залиха оружје и муниција. Наместо кукли, тој ми даваше  униформи и оружје. Се подготвувам за битка уште од детството“, рече таа во интервју за Ел.

# КИНА ВРБУВА АКТИВНИ И ПОРАНЕШНИ БРИТАНСКИ ВОЕНИ ПИЛОТИ, ПЕКИНГ ИМ НУДИ 275.000 ЕВРА ЗА ДА ИМ ГО ПРЕНЕСАТ СВОЕТО ВОЕНО ЗНАЕЊЕ НА КИНЕСКИТЕ КОЛЕГИ!

Велика Британија најави „силна акција“ против напорите на Кина да регрутира пилоти од британските воздухопловни сили. Медиумите тврдат дека поранешните воени пилоти биле намамени со големи суми пари да ѝ го пренесат своето знаење на кинеската војска.

Се вели дека пензионираните британски пилоти им помагаат на Кинезите да ја научат работата на западните авиони и обуката на пилоти, информации што би можеле да бидат клучни во случај на потенцијални конфликти, пренесува британски Би-би-си.

Кина им нуди на поранешните британски пилоти до 240.000 фунти (275.000 евра) за таква обука. Слична практика се спроведува уште од 2019 година, но од неодамна се

# АМЕРИКА ДЕФИНИТИВНО ОДИ ВО РЕЦЕСИЈА, ОБЈАВИ БЛУМБЕРГ



*Извор: Depositphotos-koydesign*

Американската економија 100 отсто оди кон рецесија во следните 12 месеци, според економскиот модел смислен од двајца економисти на Блумберг врз основа на 13 неодредени финансиски показатели.

Ова е во целосна спротивност со пораките на американскиот претседател Џо Бајден во пресрет на изборите во ноември, пренесува Индекс.

Таа прогноза е многу лоша вест за Бајден, кој тврди дека САД ќе избегнат рецесија и дека ако се случи, ќе биде блага. Со ова тој сака да ги увери граѓаните дека економијата добро оди под неговата администрација. Но, зголемувањето на каматните стапки и инфлацијата ги демантираат неговите тврдења.

Економијата е главното политичко прашање за Американците во моментов, покажуваат анкетите. Информациите дека САД ги очекува рецесија ќе им наштети на демократите, ќе го ослабне влијанието во Сенатот и во Претставничкиот дом, а со тоа и на самиот Бајден.

Иако податоците за вработеноста се многу добри, зголемената инфлација сè уште е најголемата грижа на просечниот граѓанин на САД.

интензивираа, пишуваат британските медиуми. Иако засега нема докази дека некој пилот го прекршил законот или сторил кривично дело, Лондон најави „силна акција“.

„Со закон ќе обезбедиме пилотите да добијат прво предупредување, а ако продолжат потоа со обука, тоа ќе биде дефинирано како кривично дело“, изјави министерот за одбрана Џејмс Хепи во интервју за Скај њуз.

Односите меѓу Лондон и Пекинг неодамна се заладија по задушувањето на протестите во Хонг Конг и споровите околу вмешаноста на кинескиот технолошки гигант „Huawei“ во британското воведување на 5G, како и загриженоста на Лондон за економското и за технолошкото влијание на Кина низ светот.



*Извор: Profimedia*

# ЖЕНИ-ЛИДЕРКИ ОД ЦЕЛ СВЕТ БЕА ГОСТИ НА УТМС И ИСПРАТИЈА СИЛНА ПОРАКА: ДА ГО НАПРАВИМЕ СВЕТОТ ПОДОБРО МЕСТО

Жени-лидерки членки на Глобалниот клуб на жени Г 100 беа во Скопје во посета на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје. Дојдени од различни делови на светот, со различно потекло, вера, животно искуство и кариера, испратија силни пораки – да го направиме светот подобро место за жените.

Основачката на престижниот Глобален клуб на жени лидерки Г 100, г-ѓа Харбин Арора, порача дека не е важно од која земја сме, каква боја на кожа и на коса имаме или каква облека носиме, важно е да бидеме со солидарен дух и да се поддржуваме.

„Сите се соочуваме со истите проблеми, но дури и најсилните личности имаат потреба од подадена рака, од поддршка. Тоа е нашата енергија, моќ, сила, со меѓусебна љубов и позитивна енергија да си дадеме сила. Секоја жена да ја поттикнеме кога да каже ДА, за почит, за образование, а кога да каже НЕ!“, истакна Харбин Арора.

Гостинките од Малезија и Индонезија истакнаа дека запознале многу жени од Балканот, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Македонија и секаде биле дочекани со позитивна енергија и со ентузијазам за борба за родова еднаквост и за меѓусебна поддршка.

Во Глобалниот клуб Г 100 членуваат најистакнатите светски жени-лидерки што се подготвени да го споделат своето знаење и искуство за заедничка цел – подобра иднина за сите. Глобалниот клуб Г 100 има 100 секторски крила и претставнички од сите земји и свои канцеларии во Брисел (ЕУ), Њујорк (ОН), Њу Делхи и Женева, или околу 1.000.000 членки низ светот.

Во нашата земја, во Крилото за комуникација и за застапништво членуваат 35 успешни жени членки-лидерки, кои се од различни вери и потекло, различно животно искуство и кариера, но сите имаат иста визија да дејствуваат локално, преку сопствени иницијативи да го направат нашето општество подобро место за жените и за девојките.



Извор: МИА



# ПОСТПАНДЕМИСКО ЗАКРЕПНУВАЊЕ: ТАВ МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕВЕТ МЕСЕЦИ ИМА ПОРАСТ ОД 82 ОТСТО НА ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ОДНОС НА ЛАНИ

Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид, забележаа силно закрепнување на патничкиот сообраќај во првите девет месеци од годинава, од јануари до крајот на септември, со што достигнаа вкупно 1,8 милиони патници (1.811.168) и 14.823 летови, информираа од ТАВ Македонија.

Оттаму истакнуваат дека постпандемиското закрепнување на патничкиот авиосообраќај, кое на глобално ниво почна во 2021 година, на македонскиот пазар силно се почувствувало со почетокот на третиот квартал од годинава.

„Задоволни сме од закрепнувањето на авиосообраќајот и на скопскиот и на охридскиот аеродром што се случи годинава. Кога земјите од ЕУ, каде што е концентриран повеќе од 75 отсто од македонскиот авиосообраќај, постепено почнаа да ги укинуваат ограничувањата за патување поврзани со документацијата за Ковид-19 за патниците со македонски пасоши, веднаш се почувствува порастот на авиосообраќајот ''вели генералниот директор на ТАВ Македонија, Метин Батак.

Тој посочува дека во првиот и вториот квартал преземале голем инвестициски проект – рехабилитација на пистата на скопскиот аеродром.

Генералниот директор на ТАВ потенцира дека ќе продолжат да работат на проширување на мрежата на авиолинии од скопскиот и од охридскиот аеродром, со отворање нови дестинации и привлекување нови авиокомпании кои ќе почнат да летаат од Македонија.

Како што информираат од ТАВ Македонија, зимскиот распоред на летови 2022/2023 година на двата аеродрома ќе почне на крајот од октомври и според досегашните информации од авиокомпаниите, нема да има значителни промени во бројот на дестинации.

**Меѓународен аеродром Скопје.**
*Извор: ТАВ*



# ХРАБРАТА ДОРОТЕА ГО ОСВОИ НЕБОТО И СЕГА СТРЕМИ КОН ВСЕЛЕНЕТА



Без страв и голема желба за летање. Целиот свет го исклучува и фокусот го насочува само кон авионот, летот е единственото нешто на кое размислува. Доротеа Боцевска е млада студентка по информатика на Универзитетот за туризам и менаџмент, која амбициозно посетува и обуки по авијација.

Но, како што расте нејзиното искуство, така се менува и желбата за понатамошна реализација во животот. Иднината, како што вели таа, ќе покаже дали ќе се определи за работа во авијацијата, можеби НАСА или, пак, во ракетната индустрија. На прашањето кое е најинтересното искуство за неа, таа во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека првиот лет ќе ѝ остане секогаш врежан во меморијата.




Доротеа Боцевска, пилотка во обука.

### Какво е чувството да се биде меѓу облаците?

Чувството да се биде меѓу облаците... Искрено, не можам да дадам конкретен одговор на ова прашање бидејќи никогаш немам размислувано за тоа, моментот кога ќе се качам во авион е моментот кога јас целосно ги исклучувам своите чувства, се исклучувам од целиот свет и размислувам само на тој лет, фокусот го пренасочувам на авионот и се обидувам со мислите да летам пред него. Единственото нешто што постои за мене таму горе, за време на тие летови, е некоја слобода што не може да се спореди со ништо друго, ниту, пак, да се опише, тоа чувство треба да се доживее и според мене, мислам дека секој човек во животот треба да направи барем еден лет со вакви мали авиони какви што користиме ние за учење, бидејќи таа слобода не може да се долови целосно во оние големи комерцијални авиони, а токму тоа чувство на слобода е нешто непроценливо.

### Како се роди идејата да станеш пилот?

Па не би кажала дека е идеја, туку дека е вродена љубов кон авионите и кон летањето. Целиот свој живот се водам според едно малку чудно правило, а тоа е дека сѐ што е за другите „страшно“, за мене е возбудливо и привлечно, па така и желбата да станам пилот кај мене постои од кога знам за себе. Отсекогаш на пилотите гледав како на херои, бидејќи да управувате со нешто толку големо, а притоа да сте толку високо на небото е навистина нешто на што јас лично се восхитувам, но благодарение на мојата голема љубов, труд и посветеност, ете ме и мене како херој на своите детски соништа.



Доротеа Боцевска, студентка на Факултетот за информатика на УТМС.

**Какви дозволи поседуваш и кои се следните лиценци?**

Исто како и кај возилата, така и кај воздухопловите има различни категории лиценци што може да ги добиете по завршените обуки, па од вас зависи до каде сакате да стигнете, дали сакате да бидете комерцијален пилот, дали пилот-инструктор, воен пилот, или, пак, можеби сакат да бидете спортски пилот и да летате од лично задоволство без да продолжите со професионална кариера во авијацијата. Јас сè уште се обучувам, но сакам во иднина да градам професионална кариера, па така планирам да го продолжам своето образование и да се стекнам со лиценца за комерцијален пилот.

**Кои се големите планови на Доротеа? Која е целта што сакаш да ја постигнеш?**

Од ден во ден мојата љубов кон авијацијата е сè поголема и поголема, па така и моите цели и планови по малку се менуваат. Пред да започнам со обуката за пилот, планирав да завршам Технички факултет, да земам лиценца за пилот и конечната цел ми беше да работам во некоја од вселенските агенции, како што е на пример Европската или пак НАСА. Пред три години имав доста соработки со нив, па дури и успеав да изработам модел на сателит што го презентирав токму таму. Тој проект можеби и ми беше најголем мотив за да се запишам во школата за летање, но како што кажав сега веќе откако почнав да летам главен приоритет ми е да го завршам Факултетот и да се стекнам со посакуваните лиценци, па понатаму ќе видиме каде ќе ме однесе животот, дали во сферата на авијацијата или во ракетната индустрија.

**На Универзитетот за туризам и менаџмент**

*Јас би им испратила порака на сите млади да го следат својот сон и никогаш да не се откажуваат без разлика колку и да е тоа тешко, бидејќи како што кажав и претходно, соништата се остваруваат, но само за оние што цврсто веруваат и работат на нив. Исто така, да внимаваат на своите избори, пред сè на оние на професионален план и во однос на образованието, бидејќи за да постигнете нешто големо, потребно е големи луѓе да стојат покрај вас и целосно да ве поддржуваат во тоа. Секој поединец, секоја ситница и секој избор во вашиот живот претставува една коцкичка во сложувалката, која на крајот треба да се состави за да ја постигнете вашата цел односно за да го остварите својот сон.*



**си пред крај со студиите по информатика, факултет што ти е неопходен за да го реализираш твојот сон. Дали беше тешко напоредно да се вложуваш на две места?**

Да, тешко е, не би можела да го негирам тоа, но токму поради таа причина го избрав Факултетот по информатика на Универзитетот за туризам и менаџмент, бидејќи без разбирањето и флексибилноста што ги добивам од моите професорите, јас никогаш не би можела успешно да избалансирам помеѓу овие две професии.

**Колку често леташ и каде?**

Тоа зависи од временските услови, некогаш може да се погоди да летам секој ден во неделата, но некогаш ниту еднаш или, пак, само еднаш. Исто така важна улога игра и мојата психофизичка состојба, се случувало да сум преморена и да мора да одморам неколку дена за да може да се вратам, како што би рекле старите, со бистра глава, освежена и со целосна концентрација и кондиција во авионот. Што се однесува до тоа каде летаме, тоа со текот на обуката се менува. На почетокот летавме само зонски над Скопје, каде што ги изучував основните принципи, техники и вештини на летањето. Но, тој зонски обрач веќе се прошири и летаме насекаде низ Македонија. Притоа слетуваме на сите спортски аеродроми низ земјава, но и на интернационалните во Скопје и во Охрид. Тоа го гледам како многу голема предност, бидејќи во другите поголеми држави каде што воздушниот сообраќај е поголем, шансите на пилотите што се обучуваат таму се помали да

добијат такво искуство, односно да слетуваат на истите тие писти каде што слетуваат и големите комерцијални авиони.

**Кажи ни некоја интересна случка што се случила за време на летање?**

Секој мој лет има некоја своја посебна приказна, па навистина е тешко да изберам само една, па затоа би одвоила неколку. Како и на секој пилот, така и мене, дефинитивно најинтересен дел од обуката ми се слетувањата на интернационалните аеродроми. Возбудата да се биде „рамо до рамо" со комерцијални авиони е за нас, пилотите што се обучуваме, навистина остварување на соништата. Потоа, кога сме кај возбудата, не можам да не ги споменам часовите каде што се изучуваат остри заврти со авионот и каде што некои пилоти во обука за прв пат се сретнуваат со некоја поголема позитивна и негативна Г-сила од нормалното. Имав и јас таков случај, тоа е чувство што или можете да го поднесете или не, јас на пример уживам во тоа. Но, на моменти може да претставува и проблем ако трае летот долго време и веќе сте психички заморени, па таа Г-сила само дополнително ви ги отежнува работите што морате да ги изведете перфектно. И за крај, би раскажала една кратка случка, која првиот пат и не ми беше највкусна, но потоа ми стана нормална и очекувана. При еден сосема обичен лет, зонска вежба над Скопје, мојот инструктор неочекувано го исклучи моторот на авионот. Јас, нормално, не очекував и само ми пролета низ ум мислата дали е намерно или дека навистина останавме без мотор. Го погледнав инструкторот со милион прашалници на лицето, а тој само се насмевна и ми ја кажа добро познатата реченица на инструкторите: „Немаме мотор, најди начин и слетај го безбедно авионот". И тука настана мал хаос и некоја трема во мене, како прво да дојдам до аеродром без мотор, а потоа и како да следам, дали ќе биде сè во ред, дали ќе имаме брзина, височина и стотици други прашања ми поминуваа низ глава. Но, благодарение на таа некоја смиреност што ја имам за време на

Секој лет е е посебна приказна за Доротеа.



летовите, успеав да стигнам до аеродром и безбедно да го слетам авионот. Потоа, сето тоа стана некако вообичаена процедура, да се гаси моторот и да се вежбаат принудни слетување на речиси секој наш лет. Но, ете, првиот пат е секогаш највозбудлив, и јас дефинитивно ќе го паметам тој лет до крајот на мојот живот.

**Дали постои страв кога леташ?**

Па категорично би одговорила, не. Мислам дека никогаш не би се запишала да учам за пилот ако ме плашело тоа. Напротив, со летањето си ги победив сите стравови што и не беа поврзани со авијација и сфатив дека во животот ништо не е невозможно и дека да, соништата стануваат реалност, но само за оние што искрено веруваат и работат на тоа.

**Која е најголемата поддршка што ја имаш во животот?**

Апсолутно секогаш, било да се слави или да се тагува, јас најголемата поддршка ја добивам од мојата мајка, и – се разбира – од сите во мојата фамилија. Но, тука се и неколку посебни луѓе во мојот живот, меѓу кои има и една личност што е некогаш оддалечена и стотици километри од мене, но сепак ми е од огромна важност и ми дава „ветер во грбот" да бидам најдобра во тоа што го правам.

**Која е пораката до идните девојки и дами што го сонуваат истиот сон?**

Не само до девојките, јас би испратила порака до сите млади да го следат својот сон и никогаш да не се откажуваат без разлика колку и да е тешко, бидејќи – како што кажав и претходно – соништата се остваруваат, но само за оние што цврсто веруваат и работат на нив. Исто така да внимаваат на своите избори, пред сè на оние што се однесуваат на професијата и на образованието. За да постигнете нешто големо, потребно е големи луѓе да стојат покрај вас и тие целосно да ве поддржуваат во тоа, затоа што секој поединец, секоја ситница и секој избор во вашиот живот претставува една коцка во сложувалката што на крајот треба да се спои за да ја постигнете вашата цел односно за да го остварите својот сон.



**Доротеа успешно ги балансира обуката по авијација и студиите на Факултетот за информатика на УТМС.**

**Бројот на жени во авијацијата секоја година се зголемува, но сепак е сè уште многу мал. Во 2021 година, од вкупно 720.605 пилоти, жени биле 64.979 или 9%. Од нив, во авиосообраќајот жени-пилоти се само 7.698. Инаку, жените се дел од авијацијата уште од 1906 година, кога Ема Лилијан Тод дизајнирала и направила авион. Потоа, Хелен Ричи, која е првата жена-пилот за американски комерцијални летови во 1934 година. Во 20-тиот век дојде и првата жена астронаут Ајлин Колинс. Иако со текот на годините жените сè повеќе се заинтересирани да се дел од овој сектор, сепак бројот е сè уште многу мал. Интересно е што во просек жените-пилоти добиваат желба да станат пилоти на помлади години за разлика од мажите.**

## Н. Е. ЏАНГ ЅУО

Амбасадор на Народна Република Кина



# ЅУО: ОБРАЗОВНАТА СОРАБОТКА Е ВАЖНА АЛКА ШТО ГИ ПОВРЗУВА ЛУЃЕТО

**„Воодушевен сум од луѓето во Македонија, од традиционалната храна и од уникатната природа“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, амбасадорот на Народна Република Кина, Н. Е. Џанг Ѕуо. Тој зборува за силните врски меѓу Македонија и Кина, но и за унапредување на економската размена. На македонските претпријатија им порачува дека се добредојдени да инвестираат во Кина.**

**Господине Џанг Ѕуо, на крајот на септември остваривте официјална средба со ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент, г-н Аце Миленковски, на која разговаравте за можностите за поврзување и за соработка со кинеските универзитети во области од заемен интерес. Како може да се примени оваа соработка?**

Во септември годинава го посетив Универзитетот за туризам и менаџмент и имав пријателска размена со ректорот Аце Миленковски. Бев импресиониран од одличниот тим, напредните капацитети и доброто управување на Универзитетот. Потоа присуствував на Свечената промоција на дипломци и магистри и ја споделив радоста со



Н.Е. Џанг Ѕуо,
амбасадор на Народна Република Кина.



професорите и со студентите.

Длабоко сум убеден дека универзитетските размени и образовната соработка се важни алки што ги поврзуваат луѓето, особено младите од нашите две земји, и играат важна улога во зајакнувањето на меѓусебното разбирање.

Соработката меѓу Кина и Македонија во образованието, туризмот, но и во други области има големи перспективи, особено во Рамката за соработката на Кина со ЦИЕ, односно Кина и земјите од Централна и Источна Европа, вклучително и Македонија. Постои голем потенцијал за соработка во образованието, во туризмот и во други области. Кинеската страна е подготвена да ја продлабочи билатералната и мултилатералната соработка во туризмот, образованието, хуманистичките науки, да го поддржи Универзитетот за туризам и менаџмент да оствари размена и соработка со кинеските универзитети, да ги пречека дипломираните и сегашните студенти да студираат во Кина. Потпирајќи се на рамката за соработка меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа, ние сме подготвени да ги продлабочиме меѓусебната културна размена и учење, да го зајакнеме пријателството меѓу луѓето и да создадеме светла иднина за билатерална соработка во образованието и за туристичка размена.

**По кризата со пандемијата од Ковид-19, светот се соочува со нов предизвик, економска криза предизвикана, пред сè, од војната во Украина, но и поради постојаниот раст на цената на нафтата на глобално ниво. Кина е географски далеку од Европа, но како една од најсилните економии во светот, како се справувате со глобалните предизвици? Дали влијаеше економската криза врз Народна Република Кина и кои се политиките таму за справување со предизвиците?**

Во услови на тешка и сложена домашна и меѓународна состојба, Кина се придржува до општиот тон на барање напредок додека одржува стабилност, ефикасно координирана превенција и контрола на епидемијата, стабилизирање на економијата, социјален развој. Ова не само што ги штити животот и здравјето на луѓето, туку и во голема мера го стабилизира основниот економски и

социјален развој. Во првата половина од оваа година, кинескиот БДП порасна за 2,5% на годишно ниво, индексот на потрошувачки цени (CPI) порасна за 1,7% на годишно ниво, увозот и извозот на стоки деноминирани во јуани се зголемија за 9,4%, а патувањата на товарните возови и испратените стоки Кина-Европа се зголемија за 2% и 3% соодветно. „China Development Express“ ќе продолжи да обезбедува импулс за светскиот расти бенефит за луѓето од сите земји. Успешно се одржа 20. Национален конгрес на Комунистичката партија на Кина, во чиј извештај, генералниот секретар Си Џинпинг истакна дека „од сега па натаму, централната задача на КПК е да ги обедини и да ги води луѓето од сите етнички групи низ целата земја за изградба на моќна социјалистичка модерна земја, да ја постигне втората стогодишна цел и сеопфатно да го промовира големото подмладување на кинеската нација со модернизацијата во кинески стил“. Кина ќе продолжи да ги спроведува Иницијативата за глобална безбедност и Иницијативата за глобален развој и да промовира висококвалитетна соработка „Појас и пат“. Кинескиот народ е подготвен да се здружи со луѓето во светот за да создаде подобра иднина за човештвото.

**Дали е кинескиот пазар атрактивен за македонските компании? Дали треба нашите компании да размислуваат за проширување на пласманите на кинескиот пазар, бидејќи состојбата во Европа во моментов е неизвесна?**

Кина не може да се развива без светот, а на просперитетот на светот му е потребна Кина. Од 18. Национален конгрес на КПК, социјализмот со кинески карактеристики влезе во нова ера. Изминатата деценија не е само декада во која економскиот и социјалниот развој на Кина постигнаа историски достигнувања и претрпеа историски промени, туку и декада во која односите на Кина со светот постигнаа историски скокови, давајќи историски придонес за меѓународната заедница. Кинеската економија е на второто место во светот, а вкупната трговија со стоки, преработувачката индустрија и девизните резерви се на прво место во светот. Кина се движи кон земјите со високи приходи. Кинескиот пазар ќе создаде поголема побарувачка за земјите низ светот. Бизнис заедницата е значајна сила за унапредување на економската и на трговската соработка. Македонските компании се добредојдени да инвестираат во Кина, да ја зајакнат економската и трговската соработка и да ги споделат можностите за развој. Кина го презеде водството во привлекувањето странски инвестиции и во инвестирањето надвор од земјата во светот. Двонасочната инвестициска скала меѓу Кина и ЕУ надмина 270 милијарди американски долари. Од јануари до август 2022 година, инвестициите на ЕУ во Кина се зголемија за 123,7%, што покажува дека земјите од светот, вклучително и земјите од ЕУ, се оптимисти за широките пазарни можности на Кина. Согласно акциската програма и главните политики поставени од 20. Национален конгрес на Комунистичката партија на Кина, со силното раководство, единството и борбата на 1,4 милијарди луѓе, извонредните предности на социјализмот со кинески карактеристики, цврстата основа за одржлив и брз развој и духовната сила на доверба и на самоподобрување, трендот на развој на Кина ќе биде долгорочно позитивен, а изгледите за напредок на Кина ќе бидат посветли. Македонија не е само важна членка на соработката Кина-ЦИЕ, туку и важен учесник во заедничкото градење на „Појас и пат“.

**Во моментов, со забрзаното преструктуирање на светската економија, како се приспособува Кина на промените во меѓународната финансиска инвестициска средина? Дали се кинеските компании заинтересирани да инвестираат во Македонија?**

Што и да се случи на меѓународен план, Кина ќе го држи централното место во реформите. Ќе спроведеме национален третман за претпријатијата финансирани од странство, ќе продолжиме да создаваме пазарно ориентирана, легална и меѓународна деловна средина, дополнително ќе се интегрираме во регионалната и во светската економија, и ќе се стремиме да постигнеме заемен бенефит и

резултати. Основите на кинеската економија, која е силна по издржливост, потенцијал, простор за маневрирање и долгорочен тренд, нема да се променат. Ќе обезбеди силен моментум за стабилизација и за закрепнување на светската економија и ќе обезбеди пошироки пазарни можности за сите земји.

Кина посветува особено внимание на развојот на пријателските односи со Македонија, која е важна членка на Европа и го започна процесот на пристапување во ЕУ. Македонија е рангирана на 17. место во светот во Извештајот за деловно опкружување на Светската банка за 2020 година и на 5. место на листата на најдобри реформски земји. Кина и Македонија треба да станат добри партнери. Експресните патишта и другите проекти реализирани од кинеските претпријатија во Македонија напредуваат непречено. Во „ Joyson Safety Systems" во Македонија, инвестиција на кинеската компанија „Ningbo Joyson Electronic Corp", има близу 1400 вработени. Во текот на изминатите неколку години, посетив и многу македонски градови, каде што градоначалниците ги искажаа своите инвестициски потреби. Се надевам дека нашите земји и натаму ќе изнаоѓаат нови области за соработка.

**Според Вас, дали е економската трговија меѓу Македонија и Кина на задоволително ниво и како може да се интензивира?**

Во интерес на нашите народи е да се зајакне билатералната соработка меѓу Кина и Македонија. Вреди да се спомене дека заеднички предложивме да се воспостави нова етапа во развојот на соработката Кина-ЦИЕ. Од лансирањето на оваа платформа пред 10 години, се придржувавме до принципот на заеднички консултации, отвореност и инклузивност. Воспоставивме рамка за соработка во повеќе од 20 полиња, вклучувајќи трговија и инвестиции, поврзување, туризам и превенција и заштита од епидемии. Во 2021 година, вкупната трговија меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа достигна 863,06 милијарди јуани, што претставува зголемување од 23,3% во однос на истиот период од минатата година. Платформата стана „брза патека" на практична соработка меѓу Кина и Македонија. Според македонската статистика, обемот на нашата билатерална трговија во 2021 година изнесува 944 милиони американски долари, што е раст од 23,6% на годишно ниво. Кина е петти најголем трговски партнер на Македонија и најголем трговски партнер надвор од Европа. Генералниот секретар Си Цинпинг во извештајот до 20. Национален конгрес на Комунистичката партија на Кина истакна дека „Кина се придржува до основната национална политика на отворање кон надворешниот свет, промовира изградба на отворена светска економија и на поголеми бенефити за луѓето од сите земји". Кина е веќе главен трговски партнер на повеќе од 130 земји и региони. Кина е подготвена да ја зајакне глобалната развојна соработка, да го забрза спроведувањето на резултатите од Самитот во Пекинг со земјите од Централна и од Источна Европа и да го промовира механизмот за соработка од кој корист ќе имаат луѓето од сите земји. Ја охрабруваме вашата земја да продолжи добро да ги користи можностите што ги нуди платформата за соработка Кина-ЦИЕ, да ги споделува можностите за развој и заеднички да промовираме повидливи резултати.

**Како ги коментирате обидите за политизирање на економските и на трговските прашања меѓу нашите две земји? Реалноста е дека Македонија е под будното око на Брисел кога станува збор за земање кредити од Народна Република Кина.**

Кина и ЕУ се стратешки партнери. Фактите укажуваат дека политизирањето, инструментализацијата и вооружувањето на светската економија на крајот ќе им донесе штета на нивните иницијатори и на луѓето во целиот свет. Долго време, одредени земји и малкумина политичари ја разглобуваат таканаречената „кинеска должничка стапица", а нивната вистинска цел е да создадат наративна замка и да создаваат раздор меѓу Кина и малите и средни држави, да ја попречат нивната соработка и да го нарушат нивниот раст и развој. Но, малите и средните



**Н.Е. Џанг Ѕуо,**
амбасадор на Народна Република Кина.

земји и луѓето што живеат во нив, нема да наседнат на ова. Народот на Европа, вклучително и македонскиот народ, може јасно и вистински да разликува кои земји им обезбедуваат вистинска помош во време на криза, кои земји ги ставаат сопствените интереси над пријателството и кои земји ги влошуваат конфликтите за да имаат поголема корист за себе. Соработката помеѓу Кина и Македонија за време на пандемијата даде нови конотации на пријателските односи меѓу нашите две земји. Изградбата на експресните патишта, во соработка со кинеските претпријатија напредува непречено. Завршувањето на овие проекти ефективно ќе го подобри транспортот во вашата земја, а ќе се поттикне и економскиот развој.

**Кога станува збор за туризмот, како гледате на туристичката размена меѓу Македонија и Народна Република Кина? Знаеме дека туристите од Кина се чести посетители на европските метрополи. Но, што е со Македонија? Дали, според Вас, досегашната соработка во туризмот е доволна и како може да се интензивира?**

Процесот на модернизација не само што ќе ја развие самата Кина, туку и ќе донесе поголеми придобивки за светот. Процентот на кинескиот економски агрегат во рамки на глобалниот економски агрегат се зголеми од 11,4% во 2012 година на 18,5% во 2021 година, а стапката на економскиот придонес на Кина во светската економија достигна 38,6% во изминатите 10 години. БДП по глава жител на Кина достигна 12.500 американски долари, а населението во групата со среден приход надминува 400 милиони. Кинеската економија е важен мотор на светскиот економски раст. Кина има силен импулс во светскиот туризам, а туристичката размена и соработка меѓу Кина и ЕУ влегоа во најдобриот историски период пред пандемијата. Во 2020 година, „Лонли Планет", најголемиот приватен туристички водич во светот, ја именуваше Македонија како една од „Топ 10 најдобри туристички дестинации во светот", а овој извештај стана вирален во Кина. Балканските туристички рути стануваат сè попопуларни во Кина. Воведувањето на директните летови меѓу Кина и Србија го направи поудобно патувањето кон балканскиот регион, што ќе привлече повеќе кинески туристи. Се смета дека туристичката соработка меѓу Кина и Македонија има просперитетна иднина. Ќе бидеме посветени на олеснувањето на туризмот меѓу двете страни, ќе охрабриме повеќе кинески туристи да доаѓаат во вашата земја и ќе ги пречекаме македонските туристи во Кина.

**Господине Џанг, веќе три години сте амбасадор на Народна Република Кина во Македонија. Со оглед на тоа дека доаѓате од општество каде што културните вредности и обичаи значително се разликуваат од оние кај нас, дали се навикнавте на македонското секојдневие?**

Секогаш стојам заедно со македонскиот народ и уживам во мојата работа и живот овде. Со претседателот Пендаровски го посетив центарот за лица со попреченост во Берово и присуствував на свеченото отворање на проектот за реновирање финансиран од Кина. Со премиерот Ковачевски се сретнав два пати, за време на фестивалот на закројување лозје и на фестивалот на берење грозје, што ме тера да ја сфатам важноста што Владата ја придава кон индустријата. Во соработка со Собранието, ја посетив непрофитната организација „Ние сме заедно" во Гостивар и ѝ донирав опрема на организацијата; го посетив Галичник, за да ги доживеам традиционалните свадбени обичаи што траат повеќе од 60 години и потпишав Договор за соработка за реновирање на тамошната резиденција, го посетив основното училиште „Рајко Жинзифов" во општина Кисела Вода, имав можност да поразговарам со наставниците и со учениците и им донираме опрема.

Соочени со пандемијата, Кина и Македонија се обединија во борбата против предизвиците. Не само што работевме заедно со луѓето од Македонија за надминување на пандемијата, туку и патував во различни места за да барам решенија за промовирање на економското закрепнување, при што го почувствував ентузијазмот на луѓето овде. Како кинески амбасадор во Македонија, имам длабоко чувство дека луѓето од целиот свет, вклучително и луѓето од вашата земја не се „возат на сопствени мали чамци, туку на голем брод со заедничка судбина". И покрај разликите во историјата, културите, системите и нивоата на развој меѓу сите земји, стремежот кон заедничките вредности за мир, правичност, правда, демократија и слобода, за целото човештво останува ист.

**Што се однесува до природните убавини на нашата земја, кој дел од Македонија Ви оставил најголем впечаток досега? Дали имате омилено македонско јадење? И секако, дали сте стекнале пријатели во нашата земја?**

Оваа магична земја има длабока и долга историја и е достојна да биде туристичко богатство на европскиот континент. Камени мостови, антички градови, скулптури, барови и други места во Скопје, Охридското лето, Оперските вечери во мај, филмскиот фестивал „Браќа Манаки", Преспанското Езеро, Охрид и стотиците антички цркви, националниот парк Маврово, замокот Кале и други атракции со уникатен шарм, уникатните градови како Крива Паланка, Кратово и Ново Село, многубројните фестивали придружени со музика, танц, сликарство, поезија, привлекуваат луѓе од целиот свет. Уживам и во македонските специјалитети. Мекоста на виното и јачината на ракијата ми оставија длабок впечаток. Македонското говедско и овчо месо, без разлика дали е на скара, пржено, димено, послужени со маслинки и сирење, се исклучително вкусни. Медитеранските зеленчукови салати, овошјето, десертите, мекиците, вообичаените домашни јадења. Оризот, компирите, костените и оревите станаа задолжителни производи во моето секојдневие. Прилепскиот тутунски комбинат, на пример, има воспоставено соработка со провинцијата Јунан од Кина. Македонски вина одамна се служат на кинеските трпези. Го сметам македонскиот народ за мој добар пријател, добар сосед и добар партнер. Имам одлична комуникација со сите релевантни фактори во Македонија, од претседателот, премиерот, претседателот на Собранието, до раководителите на различните сектори, од училишта, библиотеки, музеи, претпријатија, до локални самоуправи. Се надевам дека јас и кинеската амбасада би можеле да послужиме како мост на комуникација за двата народа. Јас секогаш ќе бидам вистински пријател на македонскиот народ. Се надевам и дека пријателството меѓу народите на нашите две земји ќе трае вечно.

# МАКЕДОНСКИТЕ НАСПРОТИ ЕВРОПСКИТЕ ПЛАТИ



## СО МИНИМАЛНА ПЛАТА ОД 18.000 ДЕНАРИ, МАКЕДОНИЈА Е НА ДНОТО ВО ЕВРОПА, ПРЕД АЛБАНИЈА И КОСОВО

Македонија близу дното во Европа по висината на платите за работниците. Со измените и со дополнувањата на Законот за минимална плата, кој стапи на сила на 1 април, 18.000 денари (291 евро) минимална плата добиваат околу 80.000 работници во приватниот и во јавниот сектор. Покачувањето од близу 17 отсто, работниците го добија во период на длабока економска криза кога инфлацијата наближува кон критичните 20 проценти.

# КОМПАРАЦИЈА



Од земјите во регионот највисок минималец има Словенија од 1075 евра бруто, по која следува Црна Гора, каде што годинава работниците добиле највисоко покачување на минималната плата. Ако во 2021 година, граѓаните во Црна Гора земале едвај 330 евра минималец, годинава овој износ е зголемен на 532 евра бруто или 450 евра нето износ, што е покачување од 62 отсто.

Минималната бруто плата во Србија изнесува 402 евра, во Бугарија 363 евра, а на дното се Албанија и Косово, каде што минималната бруто-плата по работник изнесува 267 односно 250 евра.

Според податоците на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена нето-плата по вработен во јули 2022 година во Македонија изнесувала 31.812 денари, додека просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен за истиот месец изнесува 47.590 денари, соопшти Државниот завод за статистика.

„Ваквото зголемување се должи, пред сѐ, на зголемувањето на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во секторите: објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,8 %), стручни, научни и технички дејности (17,5 %) и уметност, забава и рекреација (16,3 %). Намалување на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во однос на претходниот месец, е забележано во секторите: трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли (4,3 %), рударство и вадење на камен (3,9 %) и објекти за сместување и сервисни дејности со храна (3,9 %)“ информираат од Државниот завод за статистика.

Просечната плата во Србија, пак, во јуни изнесувала 632 евра (39.058 денари). За да се покрие просечната потрошувачка кошничка, која според тамошните синдикални организации изнесува 720 евра (44.500 денари), на граѓаните во Србија им недостигаат околу 90 евра (5.560 денари). Ништо подобро кај северниот сосед не е ниту со минималецот. Со минимална плата од 303 евра (18.725 денари), едно семејство во Србија треба да ја обезбеди минималната потрошувачка кошничка во земјата, која во јуни изнесувала 377 евра, а има тенденција да расте.

Состојбата е уште полоша во Босна и Херцеговина. Таму, според пресметките на синдикалните организации, за нормален живот на домаќинствата им се потребни 1.366 евра месечно (84.400 денари). Просечната плата, пак, е околу 570 евра (35.220 денари), а минималната едвај надминува една петтина од пресметаните трошоци и изнесува 277 евра (17.118 денари).

Во Црна Гора, просечната плата од 881 евро (54.445 денари) е повеќе од доволна за потребите на едно домаќинство, бидејќи потрошувачката кошница, иако од почетокот на годинава поскапе за цели 104 евра (6.427 денари), сега изнесува 750 евра (46.350 денари).

Слично е и во Хрватска, каде што според последните податоци просечната плата била 1.025 евра (63.345 денари), а кошницата 860 евра (53.148 денари).

Сепак, синдикатите во соседството, како и оние во Македонија, се незадоволни.

Владата во Хрватска, како земја од регионот, но и членка на ЕУ, предлага за следната година минималната плата во земјата да порасне на 4.000 куни или нешто над 533 евра (33.000 денари) од сегашните 500 евра (30.900 денари), додека Синдикатите во Хрватска бараат минималецот од 1 јануари да достигне до 670 евра (41.400 денари).

Унгарија и Романија исто така го надминуваат минималецот од 500 евра (30.900 денари), додека во Бугарија минималната нето плата изнесува 330 евра (20.400 денари).

Во делот на приходите, синдикатите во Бугарија бараат зголемување на приходите до крајот на 2022 година за да се компензира кумулативниот пораст на инфлацијата, кој во септември 2022 година во однос на септември 2021 година достигна 18,7%, како и зголемување на минималната плата од 330 на 400 евра (24.720 денари) од 1 јануари 2023 година.

Во Грција, со последното покачување од 1 јануари годинава, минималецот се зголеми од 650 (40.170 денари) на 663 евра (40.980 денари) што е зголемување од едвај два отсто. Сепак, бидејќи работниците во Грција земаат и бонус надоместоци за божиќните и велигденските празници, тоа одговара на 758 евра месечно (46.844 денари).

Ако ја разгледаме ситуацијата на европскиот континент, највисока минимална плата, според податоците објавени на „Еуростат“, земаат работниците во Луксембург – 2.313 евра (142.943 денари), по што следуваат Белгија со 1.842 евра (113.835 денари), Ирска со 1.774 евра (109.633 денари) и Холандија со 1.756 евра (108.520 денари). Последна на листата е Албанија со 267 евра (16.500 денари).

| Држава | Минимална плата 2020 (во евра) | Минимална плата 2021 (во евра) | Минимална плата 2022 (во евра) |
|---|---|---|---|
| ЛУКСЕМБУРГ | 2.141 | 2.201 | 2.313 |
| БЕЛГИЈА | 1.593 | 1.625 | 1.842 |
| ИРСКА | 1.656 | 1.723 | 1.774 |
| ХОЛАНДИЈА | 1.653 | 1.684 | 1.756 |
| ГЕРМАНИЈА | 1.544 | 1.585 | 1.744 |
| СЛОВЕНИЈА | 940 | 1.024 | 1.074 |
| ГРЦИЈА | 758 | 758 | 831 |
| ХРВАТСКА | 546 | 562 | 622 |
| ЦРНА ГОРА | 331 | 331 | 532 |
| СРБИЈА | 344 | 366 | 401 |
| ТУРЦИЈА | 440 | 392 | 373 |
| БУГАРИЈА | 311 | 332 | 363 |
| МАКЕДОНИЈА | 234 | 246 | 291 |
| АЛБАНИЈА | 213 | 242 | 268 |

*Извор: Еуростат*



*Извор: morningadvertiser.co.uk*

# ВИСОКАТА ИНФЛАЦИЈА ГИ „ОБЕЗВРЕДНИ“ ПАРИТЕ



Растот на горивата и на енергенсите повлече и раст на цените на производите на големо и на мало. Скапотијата го стопи семејниот буџет на македонските граѓани. Инфлацијата, која се заканува да го надмине критичниот праг од 20 отсто, дополнително ја влоши ситуацијата. Но, не само во земјава, каде што во моментов инфлацијата се искачи на 18,7 проценти. Според податоците за месец септември објавени на страницата на „Трејдинг Економис“, највисока инфлација во Европа има Турција со неверојатни 83,45 отсто, по што следува Молдавија со 33,9 проценти. Ништо подобро не е ниту во Украина, каде што инфлацијата надмина 24 отсто, Литванија исто така 24 проценти, во Естонија 23,7 отсто и Унгарија со инфлација од 20,1 проценти.

Од земјите во регионот, инфлацијата во Бугарија е идентична како и во Македонија – 18,7 проценти. Но, затоа, пак, сите останати земји од окружувањето можат да се пофалат дека добро се справиле со економската криза, па затоа имаат и пониско ниво на раст на цените. Во БиХ инфлацијата достигна 16,8 проценти, во Црна Гора 16 отсто, Србија 14 проценти, Хрватска 12,8, Косово 12,7, Грција 12, Словенија 10, а најниска е инфлацијата во Албанија со само 8 проценти.

Како за споредба, на социјалните мрежи неодамна се појави информација дека македонското битолско полномасно млеко во маркетите низ Косово се продава за 66 денари, додека во Македонија цената му е околу 80 денари, во зависност од малопродажното место.

| СТЕПЕН НА ИНФЛАЦИЈА | | |
|---|---|---|
| КОСОВО | 12.70 | Октомври 2022 |
| АЛБАНИЈА | 8.30 | Октомври 2022 |
| БиХ | 17.30 | Септември 2022 |
| БУГАРИЈА | 17.60 | Октомври 2022 |
| ХРВАТСКА | 13.20 | Октомври 2022 |
| ГРЦИЈА | 9.10 | Октомври 2022 |
| МАКЕДОНИЈА | 19.80 | Октомври 2022 |
| ЦРНА ГОРА | 16.80 | Октомври 2022 |
| СРБИЈА | 15.00 | Октомври 2022 |
| СЛОВЕНИЈА | 9.90 | Октомври 2022 |

*Извор: Трајдинг економикс*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC